# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk**

NLB Тутунска банка

Година VII, број 66-67 14 февруари 2014 година


## По повод 8-ми март

**8-ми март е ден кога жената станала рамноправна со мажите?! Означува празник кој се празнува секаде во светот, но жената заслужува внимание и признание секој ден од годината за се она што го прави пред сѐ за сите, а на крајот за себе. Жената заслужува внимание и благодарност, а најповеќе почит. За жал статистичките податоци и кај нас и во светот се дека жените добиваат полоши работни места, помали плати, помали пензии... А зошто е тоа така?! Заради отсуство, заради породување, заради нега на болно дете или на член на семејството... Таа многупати ја запоставува својата кариера од истите причини. Во многу држави жените се малку застапени во сферите на животот, иако за волја на вистината има и позитивни тенденции во светот и од ден на ден се повеќе е така и кај нас.**

**Жената се поврзува со добрина, убавина, нежност, пријателство, љубов... А всушност многу поточно е да се поврзува со разумност, практичност, умешност, одлучност, истрајност, систематичност, одговорност... бидејќи таа е цврст столб на секое семејство, но и на многу компании, општествени институции, парламенти, држави... Жената дава се од себе и кога е млада, како мајка, како баба, но и како лекар, учител, директор, истражувач, но и кога ќе стане пензионерка... Постои голем број на жени кои добиле Нобелова награда во домени кои го измениле текот на животот. Да се сетиме на Марија Кири, на годинешната добитничка на Нобелова награда за литература, Алис Манро на големото дело и хуманото срце на Мајка Тереза, светица и жена која ја почитуваат луѓето од сите вери од целиот свет!**




**Но, факт е дека и покрај признавањето и не признавањето на сето она што жената го прави и е, за неа се напишани најубавите стихови, насликани се најубавите слики, изваjани се волшебни скулптури, испеани се многу убави песни. Треба е низ вековите, така е и денес. И сето тоа таа го заслужува. Заслужува секој ден да и биде празник посветен на нејзиното постоење, а не само 8-ми март.**

## Резултати и активности за паметење

СЗПМ 2014 ГОДИНА НА СОЛИДАРНОСТ

Според постигнатите резултати и активностите, 2013 годината за Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија ќе биде година за паметење. Сите активности и задачи што беа планирани за четиригодишниот мандат, се остварени за три години. Особено радува фактот што е постигната забележителна раздвиженост на пензионерите на полето на културните и спортските дејности, на пикник средбите и екскурзиите, на многуте секојдневни дружења во клубовите на пензионерите и друго, во коишто учествуваа над 300.000 припадници на оваа најмасовна невладина и мултиетничка организација, што претставува европски рекорд.

Анализите покажуваат дека благодарејќи на воспоставените партнерски односи на СЗПМ со Министерството за труд и социјална политика и со Владата на Р. Македонија е унапредена меѓусебната соработка за подигање на животниот стандард на пензионерите и нивното вклучување во сите домени во општеството. Во минатата година покрај редовното усогласување на пензиите се изврши и дополнително од 5 %, со што пензионерските примања се зголемија за 6.90 %. Така од 2006 досега вкупното зголемување на пензиите изнесува 54 %. Просечната пензија ја достигна сумата од 11.833 денари, а соодносот на просечната плата со просечната пензија од 49 се искачи на 56%. Ова е уште позначајно ако се знае дека во сите соседни земји меѓу кои и членки на ЕУ, поради економската криза дојде до значително намалување на пензиите и на споменатиот соодност.

По својата значајност за одбележување е и тоа што по барање на Извршниот Одбор на СЗПМ, Владата на Република Македонија донесе одлука да ни се дадат на трајно користење без надоместок 161 квадратни метри во зградата на МРТ. Со ова значително ќе се подобрат и поефтинат условите за работа на Сојузот. Овој потег на Владата за СЗПМ е од историско значење, бидејќи за прв пат во 68 години од формирањето, оваа најмасовна и многу активна организација доби простории на трајно користење. Факт е дека оваа организација со 250.000 членови наполно го заслужува тоа, дотолку повеќе што за време на транзицијата државата од СЗПМ презеде четири пензионерски домови во Скопје.

Значајно е и тоа што од почетокот на минатата година сите пензионери кои имаат примања под просечната пензија, а тоа се над 160.000 старосни, семејни и инвалидски пензионери, добија право на бесплатно болничко лекување. Со поддршка на СЗПМ продолжи и реализирањето на проектот „Бањска–климатска рекреација на корисници на пензија", а голем број на пензионери користат бесплатен автобуски превоз во Скопје, Битола, Прилеп, Велес и некои други градови.

Во организација на СЗПМ минатата година успешно се одржаа 11–тите фолклорни ревии. Најпрвин во Гостивар, Охрид, Делчево, Радовиш, Велес и во Кисела Вода – Скопје се одржаа шестте регионални ревии на кои учествуваа ансамбли и пејачки групи од рекордни 47 здруженија на пензионери, а и Републичката ревија на песни, музика и игри што се одржа во Универзалната сала во Скопје пред 1.500 посетители. На овие ревии се афирмираше старограѓскиот фолклор, изворното творештво и македонскиот културен идентитет, што придонесе Министерството за култура, Републичката пензионерска ревија и шестте регионални ревии да ги прогласи за манифестации од национален интерес за културата на нашата држава.

И не само тоа. Во минатата година пензионерите значително ги зголемија посетите на театарските и другите претставни во културните институции во нашата земја, благодарение на попустот од 50% од цената на влезниците, овозможен исто така од Министерство за култура.

Забележително беше и учеството на СЗПМ на Меѓународниот 13–ти Фестивал за трето животно доба во Љубљана, Словенија, на кој покрај официјални средби, успешно се претстави фолклорниот ансабл на ЗП Тетово.

2013 година мина и во знакот на 18–тите пензионерски спортски натпревари, масовна спортска манифестација со богата и успешна традиција. СЗПМ организираше осум регионални натпревари и Републичката манифестација која се одржа во Штип со рекорден број учесници и натпреварувачи.

Создадени се и нови вредности со вистински рекреативни доживувања на масовните и добро организирани пензионерски пикник средби во Ораовица, во Лесново, кај манастирот Св. Пантелејмон, во Стар Дојран, Пелинце, Еленец, Сарај и други.

Сето тоа беше успешно следено од гласилото на СЗПМ „Пензионер плус", од осовременатата веб страница, како и од повеќе национални и локални медиуми.

Во минатата година значително е подобрена и соработката со ССМ и Црвениот крст, со Економско–социјалниот совет на МТСП како и на здруженијата на пензионерите со локалните самоуправи. Беа отворени повеќе нови клубови за дневен престој на пензионерите, каде тие се дружат и благовремено и точно се информираат.

На повисоко ниво е остварената соработка со Фондот на ПИОМ во чиј Управен одбор по десетина години пауза од 1–ви октомври 2013 година СЗПМ има повторно свој член, со што Сојузот активно се вклучува во утврдување на заеднички активности за подобрување на стандардот на пензионерите и кон заштита на правата и интересите.

Во завршна фаза е проектот за средување на членството по здруженија и општините, а за одбележување е завршувањето на проектот за средување на архивата на СЗПМ. Сето ова е уште еден доказ дека сегашнпото раководство на Сојузот е активно на секој план и е во чекор со современите европски текови.

Според сите активности и резултати, 2013 година, може да се смета и како најуспешна година во долгогодишната историја на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Заради сето ова, како и моето лично максимално залагање и придонес во 2013 година добив две значајни признанија за паметење. За придонесот во афирмација на Република Македонија од Редакцијата на „Нова Македонија" и од читателите на овој прв македонски дневен весник, бев прогласен за „Личност на 2012 година", а за мојот вкупен ангажман ја добив и престижната највисока државна награда „11 Октомври" за 2013 година за животно дело од јавен интерес на Република Македонија во областа на новинарството и публицистиката. Овие признанија се голема сатисфакција за успешно вложениот труд и севкупната ангажираност и ме прават посебно горд како прв човек на Сојузот, бидејќи овие награди во исто време се и признанија и за сите пензионери членови на Сојузот.

Сите овие успеси го трасираат патот на Сојузот за нови постигнувања во 2014 година, која според усвоената Програма е прогласена за Година на солидарноста. Покрај традиционалните активности посебен приоритет ќе им биде даден на социјално–хуманитарните цели, а е зацртана и нова динамика во ширењето на позитивната енергија во интерес на сегашните и идни пензионери. Постои реален оптимизам во 2014 година да биде донесен новиот Закон за пензионерско организирање во Република Македонија и да започне градба на нови домови за пензионери и стари лица. Истовремено Сојузот продолжи да поддржува и да поттикнува активности за подобрување на условите за достоинствен живот на повозрасната популација и за здраво и активно стареење на сите стари луѓе во државата.

**Драги Аргировски, претседател на СЗПМ**

### ВО ОВОЈ БРОЈ...


**ИНФОРМИРАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА** стр. 2

**НОВОГОДИШНО ИНТЕРВЈУ СО ДРАГИ АРГИРОВСКИ ЗА ТВ ТЕРА** стр. 3

**КОНТИНУИРАН ИНТЕРЕС НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ**



стр. 5

**ИНТЕРВЈУ СО МЕТОДИЈА НОВКОВСКИ ЗП Ѓ.ПЕТРОВ** стр. 7



ИНФО стр. 8

**ТРАДИЦИОНАЛНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ** стр. 9

ПАНОРАМА стр. 10



**ПРИКАЗНА ЗА ВЕЧНОСТА НА МАКЕДОНИЈА** стр. 11

**REKORDER NË PRODHIMIN E PRODUKTEVE TË BLETËVE** стр. 12



**НАСКОРО ИНУСЛИНСКИ ТАБЛЕТИ** стр. 13

ЗАБАВА стр. 15

**ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА**



стр. 16



Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Тутунска банка



Колумна

# Ние не сме за потсмев

**Методија Ст. Тошевски**

Ние не избираме кога ќе се родиме, ниту како ќе го живееме животот. Ниту еден случај, а и ниту еден човек, не знае низ какви премрежја ќе мине додека стигне до својот крај. Со своето раѓање, никој не знае што планирал дедо Господ и што му доделил за награда или казна. Тоа што се повикуваме на наречниците од третата ноќ е само митологија, за да ги залаже нашите надежи дека не очекува потоп или лет кај ангелите. Никој не може да ја предвиди ниту својата неволја, ниту својата волја кон која ќе го носи сонот, или ќе стреми самиот.

Во своето животно битисување, изменувањето на надежите човекови, и неговите сомнежи за она што го чека, или за она што ќе дојде, додека не се случи, се само непремостив товар што човекот го носи како свое бреме. Дури и кога сака да го смени текот на нештата, човекот со подозрение и очекување го прави тоа, оптоварен од мисла дека во некоја следна фаза од животот и битисувањето ќе му се случи обратното.

Минувајќи низ недоброени, реални и иреални надевања, тој во својата мисла ги преметнува сите слики и привидењија низ кои минал, и се прашува: што ли уште до крајот на животот ќе има да види или да поднесе.

Како човекот сѐ повеќе се очовечува, толку повеќе околу него се шири киселата околина на презир место љубов, на отпор место соработка на пизма место добродетелство. Сѐ повеќе се зборува едно, а се работи друго, се делат насмевки, а се пожелуваат неприлики, се искажува лицемерие, а се прават интриги.

Организираниот живот на секоја генерација, или на клуб од генерации, го покажува растот на општеството во целина, на неговата мисловна и делотворна енергија. Почитувањето, поддршката и соработката меѓу така организираните генерациски структури на општеството е основа за напредокот во иднината. Треба ли да се каже повеќе од оваа максима, за да се сфати дека општествената заедница не е збир на одделни генерациски и социјални сегменти, туку единствена целина со која управува генијот на мудроста – животот. Секоја друга формула ќе исфрла резултат со остаток за кој што ќе се глодаат сегментите.

Човекот од своето прво стапнување на тлото на планетата Земја, брзо сфатил дека сам не го бидува за ништо, оти му се потребни содружници во животот, како за постигнување на доброто, но уште повеќе и за заштита од злото. Натаму нема потреба да ја образложувам неговата еволуција.

Во многу научни, хумористични, антрополошки, социолошки и други истражувања дадени се фазите на генетскиот и генерацискиот развој на тој хомо-сапиенс. Клубот на генерациите на кој што припаѓам се наоѓа на претпоследната, а можеби и на последната скала на таа генерациска еволуција. Не ми е непознат антагонизмот меѓу татковци и деца. Многу добро ја познавам таа психологија. Дури, понекогаш и стрепам да не паднам во таа клопка. Но целта и исходот од тој антагонизам секогаш бил калфата да го надмине мајсторот во знаењето, во искуството, во инвенцијата, во успехот. Калфата никогаш не сакал да го навреди мајсторот, оти знаел за народната поговорка „нов бунар копај, во стариот не плукај“ и, дека кога–тогаш, можеби ќе има потреба од него. Никој не научил сѐ за време на калфуфањето

Така стигнавме на темата. Во клубот на кој што припаѓам членуваат од чираци, калфи, мајстори до професионалци перфекционисти во својот занает и знаење. Кој до каде успеал да стигне со својот несебичен труд, својата среќа или својата умешност, своите наследни или стекнати доблести, таму го завршил својот „активен“ век. Во нив има луѓе кои го достинале својот зенит во струката, во животот, во среќата. Во нив, за жал има и луѓе чии животни приказни ги унакажале војните, здравјето, човечката неправда, транзицијата.

Како и во активниот животен век, така и во пензионерските денови и години ние се сретнуваме и се судираме, со исти или слични човечки небиднини. Необезбедена егзистенција, необезбедени услови за напредок на семејствата, природните немоќи кои доаѓаат со годините, различното расположение и волја за „играње“ во клубот. Но, во едно членовите на клубот се исти и сложни. Сите одиме кон крајот. И сите, од општеството во кое ги вложивме сета наша енергија, знаење и среќа очекуваме минимум почит и разбирање. Ако општеството може и да помогне во надминувањето на тешкотиите со кои се сретнува секој жив човек, луѓето од сите генерации, ние знаеме да бидеме благодарни, солидарни и горди. Да признаеме дека нешто е сторено за клубот.

Така, секоја генерација за себе, а и сите заедно знаеме и паметиме што е направено за луѓето од клубот или за потенцијалните членови на клубот, за сегашните и идни пензионери. Знаеме за скратувањето и продолжувањето на времето на пензионирање, за промените во основицата за утврдување на износот на пензијата, за категоризацијата на пензионерските групи. Знаеме и за намалувањето на придонесот за пензиско–инвалидско осигурување, и за непотребно големото вклучување на републичкиот буџет во финансирање на пензискиот фонд. Знаеме за бенефициите и рестрикциите во здравството со кои се влијаеше врз пензионерското здравје, за попустите при болничкото лекување, или списокот на лекарствата битни за пензионерите. Знаеме за смалувањето или ограничувањето на порастот или усогласувањето на пензиите, за воведувањето на бесплатниот градски превоз во Скопје и за воведувањето на бањско–климатската рекреација на пензионерите, за повластените цени на билетите за посета на културни настани. Знаеме и за спојувањето на порастот и усогласувањето на пензиите во една единствена операција, за непризнавањето на дел од пензионерското време во операцијата за усогласување на пензиите. Знаеме и за бесплатните билети на пензионерите за скијање. Знаеме и за национализираните пензионерски домови со трансформацијата на своинската структура на државниот имот, и за споровите кои се водат за нив. Знаеме и за нивниот неповолен исход.

Не дека не се знае, туку напротив, оти се знае ќе повторам: Од Клубот на пензионерите, Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, за секоја од овие активности, со аргументи и солидни анализи, сериозно е барано, укажувано, коментирано, спротивставувано пред, и во фазите во кои за овие прашања одлучувале надлежните органи, по своја иницијатива или со барање мислење од надлежните органи.

Можеме да бидеме задоволни или револтирани од содржината и особено од примената на некоја од овие мерки, или оние кои овде и нема потреба да се споменуваат, можеме да ги поздравиме или да „ржжиме“ против овој или оној, но факт е дека не треба да бидеме цинични и незадоволни, гледано од аспект на општите социјално–економски состојби во државата, и надвор од неа.

Но, овде отворено и јавно ќе проговориме за едно проширено незадоволство и револт којшто се искажува во јавноста, коментарите кои се упатуваат на сметка на пензионерите кои се возат во градските автобуси во Скопје, или кон пензионерите кои одат на бањско–климатската рекреација.

Недоличноста на тие коментари, од разбирливи причини нема да ја парафразирам во текстов, но со индигнација ги отфрлам, во име на моите содружници од клубот на пензионерите, сите лицемерни, потценувачки, навредувачки, примитивни и злонамерни коментари кои се јавија последните месеци во јавните гласила а кои се однесуваат на одредени социјални поволности што се дадени на пензионерите.

Почитувани коментатори, загрижени или злонамерни (а ги има и такви!) Не заборавајте дека сите вие ќе стигнете во оваа фаза на животот. Не заборавајте дека во таа фаза сега се и вашите родители. Но, не го заборавајте и најважното. Ништо во животот нема бесплатно. Или е нешто авансирано, или нешто се дава на кредит што ќе го платат идните генерации. Во нашиов, сегашниов случај се работи за враќање на дел од авансот што овие генерации и го даваа на државата и општеството во целиот свој работен век. Зар не паметите каков беше системот на плати (тогаш лични доходи) кога, основата на економската политика беше да јакнат општествените фондови за развој на економијата и општествените служби, додека личниот стандард на вработените одеше по линија на најмал отпор, сите да бидат вработени и да имаат обезбедено егзистенција.

Денес тие исти генерации од чиј труд и профит (тогаш доход) се градеше државата, се образуваше младината, се обезбедуваше основна здравствена заштита за семејствата и на тие што тогаш работеа во странство, а денес изигруваат бизнисмени, и повоно им го земаат акот на работниците, денес одново ги плаќаат услугите во здравството, образованието станувањето и сѐ друго по економски, пазарни цени со своите оскрнавени приходи изразени во ниските пензиски примања, и пак, на тој начин го помагаат развојот на државата, а на тие кои со нас се потсмеваат.

Така, нека се знае, дека пред пензионерите не „се отвори цел континент од можности за разнолики будалштини, како да се зрели за еден мал, но сигурен лет над кукавичјото гнездо. Не е далеку денот кога ќе добијат гратис скокање со падобран, да летаат со параглајдери, да се лудираат со банџи скокови, и што е можно подалеку од земјава, да ги регрутираат во стуардеси, и да ги праќаат со првата мисија на Марс, без да дадат динар (денарот е наша валута), да се тресат по дискотеки, и да се навлекуваат на најбрзата можна дрога, забрзано да студираат низ разните отворени факултети, да се проширува хорот Златно славејче“. Дури и со значење „ти зборувам ќерко, сети се снао“, ова ги навредува чувствата и достоинството на пензионерите. Ние не сме за потсмев.

Во некои земји за старите и мудрите луѓе од народот се формираат посебни тела и институции за да се искористат нивните способности, знаења, мудрости и доблести. Кумулираната моќ на искуството на возрасните генерации да не оди низ вода, за да се собира ново искуство, кое секогаш ќе биде повисоко за степенот на остварениот општествен, научен и економски развој, но исто така, секогаш ќе биде и нецелосно, бидејќи светот не започнува со последното раѓање.

Работилница на СЗПМ на Велешко Езеро

# Информирање и едукација

**Информирањето бездруго е еден од приоритетите на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија бидејќи ако нема точно и навремено информирање, изгледа како ништо да не се случува.**

**Со цел овој приоритет да биде квалитетно реализиран, формирана е дописна мрежа која ги „храни“ весникот „Пензионер плус“, „Пензионерски видици“ и „КОХА“.**



На 29 јануари 2014 година, на Велешко Езеро се одржа втората работилница на која присуствуваа дописници од повеќе здруженија, Редакцискиот одбор, Издавачкиот Совет и Комисијата за информирање на СЗПМ. Медијатор на Работилницата беше главниот и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус“, Методија Тошевски. Тој на почетокот ги поздрави присутните и рече:

– Минатата година беше одржана првата работилница со дописниците на нашите информативни гласила. Добиените резултати покажаа дека истата ја оправдала целта. Оваа втора по ред работилница претставува континуитет во работата и содржи, како и претходната, теоретски и практичен дел. Дописниците, покрај со анатомијата на информацијата, ќе се запознаат и со користење на Интернет за праќање и примање текстови, односно написи.

Секретарот на СЗПМ Станка Трајкова ги запозна присутните со Програмата на Сојузот за 2014 со посебен акцент на Проектот „Социјална карта“ и активностите кои ќе бидат преземени во 2014 година, која од страна на Сојузот е прогласена за година на солидарност.

Потоа според агендата на Работилницата, претседателот на СЗПМ и претседател на Издавачкиот совет Драги Аргировски, врз база на своето педесетгодишно новинарско искуство, зборуваше како се прави добра информација.

По теоретскиот дел, Калина Сливовска – Андонова им презентираше на присутните како се користи Интернет за примање и праќање написи.

Во своето излагање таа зборуваше и за веб страницата на СЗПМ која во минатата година беше надградена со архивата на сите весници и билтени, а оваа година и со архива на новости – настани. Наредна надоградба на веб страницата би била додавање подстраници на здруженија членки на Сојузот со нивните „лични карти“, програми, состави на тела и комисии.

За корисноста и резултатите од претходната Работилница зборуваше Мендо Димовски, а интересно излагање имаше и Таска Гавровска која зборуваше за чистотата на јазикот и вообичаените грешки што ги прават дописниците.



Во третиот дел од Работилницата, дискутираа: Милевка Здравковска, Перо Миленковски, Добре Тодоровски, Крсте Спасески, Цветанка Илиевска, Гојко Ефтовски, Севастија Сотировска, Соња Смилевска, Светлана Петковска, Спирко Николовски.

Заклучок беше дека ваквите работилници се повеќекратно корисни бидејќи на истите се едуцираме, разменуваме искуства и се дружиме.

**К.С. Андонова**

Во Прилеп во организација на СЗПМ

# Семинар за сметководителите

Во организација на СЗПМ на 21 јануари, годинава во Прилеп, за претседателите и книговодителите на ЗП од цела Македонија се одржа семинар за подготовка на завршните сметки на ЗП за минатата година.



Најпрво присутните ги поздрави потпретседателот на ИО на СЗПМ Методија Тошевски, а добредојде им посака, претседателот на ЗП Прилеп, **Кирил Ѓорѓиоски**.

Презентер на семинарот беше м–р **Димитар Тодевски**, кој истакна дека согласно одредбите од Законот за сметководство, здруженијата на пензионери како непрофитни организации се должни да водат сметководство и до 28 февруари оваа година треба да ги достават завршните сметки од ЗП за 2013 година, согласно законските прописи за кои тој поопширно говореше. Тодевски укажа дека сите здруженија треба да поднесат завршна сметка, освен оние што имаат приходи помали од 2 500 евра годишно во денарска противредност. Исто така се задржа на објаснувањето, како според прописите се составува годишна завршна сметка, кои обрасци и од каде да се набават и потполнат, до кога и каде да се доставaт. Потоа говореше за признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, годишните стапки за отпис на долгорочните средства и друго. Посебно при презентирањето се задржа на составувањето на годишната сметка, пресметувањето амортизација, пописот на средствата, како и билансот за приходите и расходите. Тој укажа дека одговорни за целокупното финансиско работење во секое Здружение на пензионери се претседателите. Исто така тој им препорача дека на почетокот на годинава треба да се донесат финансиските планови со динамика на користење на приходите и расходите. На семинарот беа поставувани и прашања на кои Тодевски даде поопширни одговори.

На оваа средба беше извршена и промоција на Прирачникот за сметководство за ЗП и СЗПМ чиј автор е Димитар Тодевски.

**К. Ристески**

Новогодишно интервју со Драги Аргировски за емисијата „Другата јас", на ТВ Тера – Битола

# „Ако не се радуваш на туѓата среќа, не си човек"

**По барање на многу гледачи за новогодишната емисија го поканив на ТВ-разговор познатиот и признат новинар и публицист Драги Аргировски, актуелен претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.**



**Кој е Драги Аргировски?**

– Роден сум во Куманово, во 1939 година, во угледно кумановско семејство како единствено машко дете со четири постари сестри, миленик на фамилијата. Гимназија завршив во родното Куманово. Како ученик почнав да го негувам пишаниот збор, така што работев за младинската програма на Радио Скопје, за спортската рубрика на Нова Македонија, за Трудбеник и за многу другигласила. На први септември 1960 година, кога се роди Македонската телевизија, бев на конкурс избран за новинар/соработник. Мојата прва вест беше за почетокот на школската година и за времето во Скопје. Во март 1961 година, го подготвив првиот прилог на македонски јазик за дневникот на ЈРТ. Пионер сум на Македонската телевизија. Како професионален новинар известував за многу настани од и за Македонија. Завршив новинарска школа во Белград и Филозофски факултет во Скопје. Целиот тој труд вроди со плод, гледано од оваа дистанца. Имам непрекинат стаж во Македонската телевизија од 40 години, а се пензионирав како помошник генерален директор за програмски прашања на МРТ. Во меѓувреме добивав многу награди во областа на новинарството. За првата книга која е посветена на мојот роден град Куманово ја добив Ноемвриската награда на Куманово за публицистика по што добив елан да почнам да пишувам книги. Во 1977 година за прекрасната репортажа „Македонците во Војводина" следуваше наградата „Крсте Мисирков" по што се редеа награди.

**Новинарот пишува додека е жив. Дали лесно пишувате, со оглед на бројот книги кои ги имате напишано до сега.**

– Најбитна е хармонијата на умот и душата поткрепена со поттикот за иднината. Тоа е добитна комбинација која дава врвни резултати. Публицистиката е најтежок род на новинарството зашто напишаното мора да е актуелно и аналитички обработено, а исто така и да се гледа перспективата на текстот, да не е само хроника, туку поука и насока. Тоа ќе ги привлече читателите да читаат, препорачуваат и да научат нешто од книгата.

**Кој ви беше ѕвезда-водилка или пример во Вашето пишување? Дали воопшто имаше таков?**

– Ѕвездите беа многу подалеку од Македонија. Горки, Толстој, Хемингвеј беа писатели кои негуваа новинарски стил во своето пишување со писателски порив. Јас ги гледав како светски примери од кои учев занает. Мислата од Горки, „Човек, колку тоа гордо звучи" често ја употребувам со тоа што во текот на годините и јас создадов своја патоводна ѕвезда која гласи: „Ако не се радуваш на туѓата среќа не си човек". Само така можеш да уживаш во животот и да го поминуваш без депресии, без оглед колку човек има години. Радоста и желбата за живот се постојано присутни кај мене а годините се само бројка. Староста е неминовност и тешко на оној кој не остарел. Многу е битно како се старее, битно е подготвено да се дочекаат „извесните" години, само така човекот секогаш ќе биде духовно млад и во тек со времето. Одлика на добар новинар е да биде аналитичен и интересен истовремено, само така на написот ќе му се даде вонвременска димензија.

**Патот во новинарството, каков беше?**

– Никогаш не сум ги сакал сензациите, и не ми бил приодот во пишувањето сензационалистички. Секогаш го почитував златното правило да ги прашам двете страни за да ја дознаам правата вистина. Колку и да е црна темата за која се пишува, ако се има добра аналитика, мора да се најдат излезни решенија. Јас сум човек кој во секој тунел наоѓа светлост. Таа моја карактерна црта помагаше во мојата работа и провејуваше низ написите, критиките и колумните. Во Македонија има се повеќе писатели кои имаат новинарски стил во пишувањето како што е Петре М. Андреевски, Живко Чинго, Блаже Миновски, Ташко Георгиевски, Јован Павловски, Митко Маџунков, Васил Тоциновски, Трајче Крстевски и други. Крсте Мисирков и Ѓорче Петров исто така ги ценам и почитувам, особено Ѓорче кој оригинално пишувал со визија за иднината. Амбициозниот човек секогаш ќе успее во животот, само треба да се следи амбицијата. Голема одговорност е да се застане пред камера и да се произнесуваат ставови за одредено прашање, но тоа значи оставање траги во новинарството и траги во животот и постоењето.

**Моментално сте претседател на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, армија од 250.000 пензионери. Дали си ја знаете силата?**

– Да, нашата сила и јавноста ја знае. Факт е дека за секоја работа за која сум се зафатил сум ја работел до крај одговорно и професионално. Способен сум да создавам позитивна енергија во околината, да создавам позитивно расположение, меѓусебна доверба, меѓугенерациска соработка и солидарност, да создавам иднина. Со вакво однесување, автоматски доаѓаат резултатите но и се наметнуваат одговорностите. Самиот факт е дека во Македонија има 288.000 пензионери од кои на 250.000 сум им пензионерски лидер веќе три години. Со право ќе кажам дека кога дојдов пред 12 години во овој сојуз, моето познавање на новинарството ме натера да ја подигнам информираноста на пензионерите. Значи седмата сила, новинарството, направи од мене човек кој и овде, во пензионерската организација спроведе реформи: во „Нова Македонија" почна да излегува додатокот „Пензионерски видици", се печатеа разни билтени, започна емитување на ТВ–емисијата „Трето доба" со што пензионерите влегоа во информативниот простор на нашата држава и други. Во редот на пензионерите има различни категории на стручни лица: професори, доктори, до обични работници и сите тие имаат една желба, да се пронајдат во нашата организација. Ние тоа им го овозможуваме, а јас се разбира, тоа ми е провокација да го правам на најдобар можен начин. Мислам дека со мојата работа го разбив информативниот мрак кој владееше во пензионерската организација.

Категоријата на пензионери беше најпогодена во процесот на транзиција на нашата држава. Одземени беа сите летувалишта, сите домови, намалени беа пензиите, а ние како Сојуз секаде предочувавме дека оваа категорија треба да се почитува, да се решаваат проблемите.

**Како функционира Сојузот здруженија на пензионери на Македонија? Колку здруженија има? Кои се поактивни? Како го гледате во иднина**?

– СЗПМ е најмасовно здружение на граѓани во Македонија, непартиско, невладино, со 57 здруженија на пензионери во цела Македонија со свои простори, свои активности. Битолската организација е најмасовна, има околу 16.000 пензионери, се врати во јатото на Сојузот и пред неа се големи активности кои треба да ја вратат во најактивните. Битолската организација беше надвор од Сојузот и сега ѝ треба време и сила да зајакне, што таа сигурно тоа ќе го може. Јас ќе бидам среќен ако секое здружение на пензионери во Македонија си го пронајде своето место во локалната самоуправа, а ние како Сојуз сето тоа го правиме на ниво на држава. Ние имаме партнерски однос со Владата на РМ и се трудиме да ги решаваме проблемите на пензионерите. На пример, ако во 2006 година просечната пензија беше 6.830 денари сега е стигната до 11.600 денари, сето тоа со заеднички напори меѓу нашата организација и Владата на РМ. Ако некогаш соодносот плата–пензија бил 77%, кога падна на 49%, со наши заложби дојде до 55%. Како прогласен експерт за трета животна доба на европско ниво, истакнувам дека се она што е под 60% води кон сиромаштија. Тоа значи дека имаме уште многу работа пред нас, за да ги достигнеме европските норми. Со тоа оваа популација нема да биде на маргините на општеството и ќе има поквалитетен живот.

**Како и на кои начини СЗПМ се труди да го збогати пензионерскиот живот на своите членови?**

– Македонија се повеќе старее. Затоа на оваа категорија треба да им се дадат поквалитетни услови на живот. Освен што настојуваме да ги зголемуваме пензиите во согласност со постојните законски регулативи, отвораме клубови во општините, центри за дневен престој, разни собиралишта и простор за активности на пензионерите. Во Македонија моментално опстануваат 400 клубови на пензионери во кои тие се социјализираат и на интересен начин го користат своето време. Оваа година Сојузот анимира околу 300.000 единки со најразлични активности: трибини, предавања, спортски настани, културни настани, што е европски рекорд. 2014 година е прогласена за година на солидарност, што ни е мотив повеќе за наша понабиена агенда. Во иднина планираме да го свртиме вниманието кон помош на старите луѓе, посета во нивните домови, подготовка на социјална карта за нив, а со тоа секој пензионер треба да чувствува дека не е оставен сам на себе. Пензионерската организација ќе се труди да ги сознава и решава проблемите на своите членови онолку колку што е во наша моќ.

**Дали и што сте информирале околу и за Битола во вашиот долгогодишен новинарски стаж?**

– Сум пишувал за убавините и за проблемите на сите градови во нашата Македонија. Во тој контекст и за Битола. Во оваа пригода ќе ја одберам репортажата за ХМС „Стрежево" и за тогашниот директор на „Стрежево" Томе Делов кој е еден од визионерите на Битола. Таа репортажа беше ставена во престижното тогашно списание „Македонски води" зашто изобилуваше со податоци за перспективите на „Стрежево", што е евидентно до ден–денешен.

**Колку градските, општинските здруженија на пензионери се отворени за своето членство, дали секој пензионер има можност да биде активен дел на здружението на кое си плаќа членарина?**

– Би требало да бидат што поотворени, за да го привлечат секој пензионер да придонесе во работата на пензионерската организација. Токму затоа во многу здруженија се направени форми на дејствување како што се љубители на пишан збор, спортски друштва, изложби на книги, исто така организираме трибини на разни теми со што на нашите членови им ги отвораме вратите на свое себеспознавање и квалитетно трошење време. Со тоа на пензионерите им помагаме да си го обогатат животот и да бидат активни чинители во нашето општество. Пензионерската организација се труди да „ги извади од дома" пензионерите со тоа што им организира бесплатни патувања низ Македонија и да ја разбие заблудата дека само во бившата држава имаше места за посетување. Тука, секако се опфатени многубројните македонски манастири, езерата, планинските места и многу други монументи низ Македонија. Притоа внимаваме сите пензионери да имаат можност да бидат дел од овие патувања. Исто така, им имаме зададено задача на активите на пензионерки да се грижат членството да се проширува, да се анимира и што повеќе жени пензионерки да ги користат бенифитите на својата организација.

**Дали сестран човек како Вас има хоби. Кое е тоа?**

– Првпат за ова ќе говорам јавно. Досега тоа беше моја мала разонода и



тајна. Сакам да гледам филмови. Од својата 11–та година, откога почнаа да ме интересираат филмовите, на сите што ги имам видено, во посебен нотес, убаво забележани по број и датум, им пишувам оценка. Досега сум оценил околу 7.000 филмови, со оценка од слаба до пет, со совет дека одредени филмови треба по секоја цена да се погледаат. Од сите кои сум ги забележал и ден–денес ги почитувам „Однесено со виорот", „Бунтовник без причини", „Третиот човек", „Кум", „Шиндлеровата листа", „Спасување на војникот Рајан" и други, а интересно е дека сега, кога повторно ги гледам некои од постарите филмови и кога ги гледам оценките што сум им ги дал пред неколку децении, денешното оценување не се совпаѓа со тогашното. Значи, битен е моментот на гледање на филмот. Од глумците, покрај Марлон Брандо, би го издвоил Роберт Де Ниро со неговиот култен „Разјарениот бик".

**Повторно се враќаме кај пензионерите. Колку Сојузот и здруженијата по градовите се грижат пензионерите кои потекнуваат од селската средина, зашто градските пензионери се поблиску до „централата", па со самото тоа и имаат можност почесто да се во просториите на соодветното здружение, да ги научуваат активностите, да го читаат весникот. Како ги анимирате „селските" пензионери?**

– Прашањето е многу актуелно и секако заслужува третман. Ќе почнам со весникот „Пензионер плус" кој излегува во 6.000 примероци и за кој ќе кажам дека е најчитан весник во Македонија зашто еден примерок го читаат по неколку луѓе. Весникот се дистрибуира на пензионерите во селските огранoци и така ги информираме и нашите колеги од селската средина. Исто така, весникот се наоѓа и на веб–страната на СЗПМ. Имаме огранoци на пензионери по селата, но социјалниот проблем кој ја мачи Македонија и опустошеноста на селата се пресликува и кај нас и затоа можеби нашите активи во руралната средина се послаби од градските. Исто така, присутен е и проблемот дека околу 30.000 стари луѓе во Македонија не се пензионери, не оствариле право на пензија по ниедна основа. Нашата организација и на овие луѓе, ако не се наши членови, се труди да им помогне, па така во неделата на старите луѓе заедно со Црвениот крст на Македонија и Министерството за труд и социјална политика ја помагаме оваа категорија на наши граѓани. Посебно ова важи за осамени постари луѓе кај кои одиме и им го оплеменуваме животот, зашто на стариот човек и не му треба многу. Доволен понекогаш му е топол збор. Им носиме прехранбени продукти, им го носиме весникот, разговараме со нив, а тие пак ни ги презентираат своите проблеми.

Кога е селото во прашање, можам да кажам дека ние се трудиме преку негувањето на културните традиции и нашите обичаи да го вклучиме селото, зашто тоа е изворот и местото каде што најмногу е зачувана македонската традиција. Затоа ги организираме регионалните смотри на песни и игри каде што сите подеднакво имаат можност да ги покажат квалитетите на пејачките групи кои се активни во склоп на поединечни пензионерски здруженија. Ја имаме и Републичата ревија на песни, музика и игри која секоја година се одржува во Универзална сала во Скопје. На овој начин придонесуваме во чување на македонскиот идентитет. Морам овде да го споменам Министерството за култура и министерката Елизабета Канческа – Милевска која го препозна нашиот ангажман и прави се што е во нејзина моќ да ја поттикне и да ја негува врската на културно поле и ги прогласи нашите ревии за национално културно богатство на Македонија.

Спортот го негуваме во соработка со Министерството за труд и социјална политика. Веќе 18 години имаме спортски натпревари на кои пензионерите ги покажуваат своите квалитети на спортски план, трчаат, стрелаат со воздушна пушка, играат шах и со добиените медали пензионерите си го обогатуваат своето постоење. Со вакви активности ние ги дистанцираме пензионерите од животните проблеми кои сигорно ги имаат.

**2013 Ви беше година на награди. Бев присутна на доделувањето на државната награда 11-ти Октомври. Дали се подготвувавте за оваа и другите награди?**

– Човек треба да биде оптимист, треба да го сака животот и покрај сите работи кои можеби му се случиле во него. Среќен сум што бев предложен од моите пензионери за наградата 11–ти Октомври. Среќен сум што ова е награда за животно дело, добиена меѓу 60 конкуренти и гласи „Придонес во публицистиката и новинарството". Наградата ја чувствувам како признание на сите пензионери во Македонија, не само моја. Среќен сум што е ова единствена прилика да се добие награда за публицистика и новинарство заедно. Треба да кажам дека најава на оваа награда ми беше минатогодишното добивање на наградата за „Личност на годината", добиена Редакцијата и читателите на „Нова Македонија".

**Која е Ваша неостварена желба?**

– Кога човек работи со љубов, желбите му се остваруваат. Можеби желба ми е во Новата 2014 г. Сојузот на здруженија на пензионери да најде нов простор за работа, зашто во постојниот се плаќа висока кирија. Исто така, сакам да изградиме нов дом на пензионери во кој било град во Македонија и ние конечно да заличиме на пензионерите од Европа. Соработката со власта на локално и државно ниво ја имаме и со тоа ги решаваме нашите проблеми кои не се мали. Се гордееме што за првпат во историјата на Сојузот, не посети еден премиер, во случајот господинот Груевски со што се покажа желбата за соработка и партнерство во нашата работа. Интересот на државата е таков да бара соработка а ние сме отворени за сите кои ќе ја побараат и понудат.

Им посакувам среќна Нова 2014 година, среќен Божик и нека им се среќни сите јануарски македонски празници на сите пензионери и граѓани на Македонија со желба за подолг и поквалитетен живот за што Сојузот на здруженија на пензионери и јас како претседател, сесрдно ќе се заложуваме.

**Разговорот го водеше**
**Светлана Петковска**

ФЗОМ

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

### *ЕЛЕКТРОНСКА ЗДРАВСТВЕНА КАРТИЧКА (ЕЗК)*

ФЗОМ би сакал да упати апел до сите граѓани кои имаат поднесено барање за електронска здравствена картичка, да не доаѓаат во подрачните служби пред да проверат дали картичката е готова.

За сите информации во врска со електронските здравствени картички и нивната изработка, граѓаните може да се информираат на следниве начини:

1. **Бесплатен телефонски број 0800 33 222 во периодот од 8.30 до 20 часот или на мобилниот телефонски број 076 339 180 во периодот од 12 до 20 часот; или**

2. **Преку електронска пошта (e-mail) на следниве адреси helpdesk@fzo.org.mk или info@fzo.org.mk, при што од страна на вработени во Фондот ќе биде одговорено во рок од 24 часа; или**

3. **Директна интернет проверка на статусот на ЕЗК преку веб страната на ФЗОМ www.fzo.org.mk, во делот на „Мое осигурување, мој доктор“ https://moeosiguruvanje.fzo.org.mk/.**

Во Подрачната служба Скопје има најголема фрекфенција за подигнување на електронските здравствени картички. Затоа апелираме осигурениците да ги искористат горенаведените можности за проверка на статусот на ЕЗК, без притоа да доаѓаат во Подрачната служба.

Потсетуваме дека електронските здравствени картички се замена за сините картони. Оние осигуреници кои имаат ЕЗК, нема потреба да доаѓаат во подрачните служби и да бараат печатење на сини картони.

За оние осигурени лица кои сеуште немаат поднесено барање за издавање на ЕЗК, за да може да ги подигнат сините картони, ќе мора да поднесат барање за издавање на ЕЗК. ФЗОМ ги повикува сите правни и физички лица кои немаат доставено барање или уплата за издавање на ЕЗК, истото да го направат во најбрз можен рок во подрачните служби на ФЗОМ.

Македонија бб, 1000 Скопје • Бесплатна тел. линија : 080033222 • e-mail: info@fzo.org.mk
w w w . f z o . o r g . m k

ФЗОМ

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**
w w w . f z o . o r g . m k

# Превенцијата - најважна алка во здравствениот систем



За да се зголеми свеста за одговорноста и грижата за сопственото здравје кај осигурениците, ФЗОМ во соработка со Здружението на матични лекари на Република Македонија договори да се започне со спроведување на скриниг прегледи кај матичните лекари за трите најчести незаразни заболувања: кардиоваскуларни заболувања, шеќерна болест и бубрежна болест.

Од 01 јануари 2014 година матичните лекари почнаа да канат 1.2 милиони осигуреници да направат превентивни прегледи кај матичните лекари и врз основа на резултатот, ќе се утврди дали е потребно да се испрати осигуреникот кај специјалист.

Превенцијата за овие три заболувања ќе се прави поради тоа што последиците и компликациите од овие три заболувања имаат висок морталитет, меѓусебно си влијаат и освен хипертензија, коронарна артериска болест, мозочен удар, може да доведат и до дијабетично стапало и катаракта, оштетена бубрежна функција која завршува со дијализа и потреба од трансплантација на бубрег, доколку не се откријат на време.

Имено за прв пат се **воведува примарна превенција** (рано откривање) и **секундарна превенциј**а (квалитетно следење на хроничните болни).

*Овој систем предвидува:*
1. За веќе дијагностицирани пациенти од било кое од овие три заболувања, матичниот лекар да му врачи потсетник на својот пациент кои прегледи треба да ги направи во текот на годината и што треба да прави за да се спречат било какви компликации и совети како да се грижи за своето здравје. Потсетниците т.е. водичите за пациенти во моментов се во фаза на подготовка. Со ова ќе може да се следи и квалитетот на терапијата која ја примаат за определеното заболување и спречување на влошување на болеста, односно појава на компликации.
2. За здравите осигуреници на возраст од 15 –65 години, матичните лекари ќе ги повикаат своите пациенти да направат лабораториско испитување за да се утври ризикот од дијабетес, од кардиоваскуларно или од бубрежно заболување. **За осигурениците кои се на возраст над 65 години и немаат хронично заболување, може да се јават кај својот матичен лекар во било кое време да ги направат сите превентивни прегледи и испитувања.** Ќе се прават биохемиски лабораториски испитувања, глукоза во крв, вкупен холестерол во крв, креатинин во крв и протеини во урина. Во зависност од резултатот на испитувањето, ќе има редовно следење на состојбата, а во случај да е потребно, праќање на секундарно ниво.

Новина во овој пристап е што во пракса се вклучуваат и специјалистите, со што се создава тим од матични лекари и специјалисти кои ќе ги пополнуваат обрасците за оценка на ризик од трите заболувања.

Во втората фаза од овој проект ФЗОМ ќе изработи софтвер за регистрација на пациентите, следење на нивната здравствена состојба кој ќе биде потсетник како за лекарите, така и за самите пациенти во извршување на периодични прегледи.

Со овој системски пристап ќе се овозможи рано и навремено откривање на овие заболувања, кои со право се нарекуваат тивки убијци во модерниот свет и истите во светски рамки се најголем финансиски товар во општеството. Успехот од сето ова би било да спасиме луѓе од прерана дијализа, ампутација на екстремитети, слепило, инфаркт и други компликации кои се резултат од негрижа за здравјето.

Бањско климатска рекреација на корисници на пензија во 2014 година

# Континуиран интерес на пензионерите

Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, директорот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Беким Незири и претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Драги Аргировски одржаа конференција за медиумите на којашто информираа за Проектот „Бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2014 година".



– Проектот започна да се имплементира од 2010 година и заклучно со 2013 година услугите од овој проект го искористија над 22.000 корисници на пензија, – рече министерот Спасов.

Интересот за овој проект е значителен и од година во година континуирано расте, така што во 2013 година 27.000 корисници на пензија поднеле барања за користење на услугите од бањско климатската рекреација, а истата ја искористиле повеќе од 5000 лица. Пројавениот интерес којшто корисниците на пензија го искажале во изминатите години, потврдува дека има потребата од продолжување на проектот.

– Овој проект продолжува да се реализира и во 2014 година, веруваме, на големо задоволство на пензионерите, а за истиот се обезбедени средства во Буџетот во износ од 38 000 000 денари, за дополнителни 5500 пензионери да имаат можност да ја искористат оваа бесплатна услуга, – потенцираше Спасов.

– Ја користам можноста за да потсетам дека услугата на бањско климатска рекреација може да се користи еднаш, а во период од втората половина на март до ноември 2014 година, во траење од 7 дена и опфаќа:

– 6 полни пансиони (ноќевање со три оброка дневно)

– бањска терапија

– задолжителен здравствен преглед

– трошоци за превоз во висина на повратна автобуска карта од местото на живеење на корисникот до установата во којашто ќе се користи услугата.

– пензионерите коишто користат и паричен надоместок за помош и нега од друго лице или додаток за мобилност и слепило имаат право на придружник за време на бањско–климатската рекреација, а трошоците за сместување и исхрана ќе бидат на товар на министерството за труд и социјална политика.

Сакам да истакнам дека пензионерите кои што ја искористиле оваа услуга во претходните години, немаат право повторно да ја користат. На тој начин се остава можност услугата да ја користат и останатите пензионери кои во претходните години не биле опфатени со овој проект.

Од анализите за досегашната имплементација на проектот Министерството за труд и социјална политика констатира дека истиот е прифатен од страна на корисниците и пошироката јавност, како и од СЗПМ. Од посетите на правните лица – даватели на услугата, се утврди дека тие се придржуваат до процедурите на проектот што се гледа и од впечатоците на корисниците.

Исто така, сакам да потенцирам дека реализацијата на Проектот „Бањско климатска рекреација на корисници на пензија" покажа дека има двоен ефект! Имено, не само што се овозможува бањско климатска рекреација на корисниците на пензија, туку истовремено се развива и бањско–климатскиот туризам, а правните лица коишто ја сервисираат оваа услуга имаат сигурни финансиски приходи во текот на целата година.

Инаку, услугата на бањско климатска рекреација се остварува во правни лица регистрирани за вршење на услуга за бањско–климатско лекување со коишто Министерството за труд и социјална политика склучува договор во изминатите четири години и тоа: „Негорски бањи" во Негорци, Гевгелија, Дебарски бањи, „Катлановска бања", „Цар Самоил", Банско, Струмица.

Министерството за труд и социјална политика ќе направи се што е во неговите надлежности и понатаму да им овозможи на пензионерите и на старите лица целосна интеграција во општеството бидејќи тие дадоа несебичен придонес кон нашата држава, – заврши Спасов.

Пред новинарите говореше и **Беким Незири** директор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, при што истакна дека подрачните единици се подготвени за успешна апликација на пензионерите за овој проект.

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** го потенцираше задоволството на пензионерите од реализацијата на бањско–климатската рекреација бидејќи таа придонесува за поквалитетен живот особено на оние со пониски пензии.

**С.Андонова**

# Градоначалникот Трајановски ги посети старите лица од Домот „Мајка Тереза"

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, како и секоја година, во јануари ги посети старите лица коишто се сместени во Домот „Мајка Тереза", што се наоѓа кај локалитетот Скупи, во населбата Злокуќани во Скопје.



Градоначалникот Трајановски ја искористи посетата и на корисниците и на персоналот на Домот им ги честиташе новогодишните и божиќни празници. Градоначалникот Трајановски го пречека директорката на Геронтолошкиот завод „13 Ноември"– Скопје, д–р Ленче Нелоска.

– Сакам да ви пожелам многу здравје, среќа и повеќе дружење во новава 2014 година и што е најважно од се, долг живот, а Градот Скопје, како и досега така и во иднина нема да Ве заборави Вас и во рамки на можностите ќе помага да Ви се исполнат желбите. Градот Скопје поддржува повеќе активности кои имаат за цел подобрување на квалитетот на живот на старите лица: за Геронтолошки завод, Градот секоја година одвојува околу 50 000 денари, по повод Новогодишните празници за тие средства да ги употребат за она што им е најпотребно на старите лица. Сите стари лица можат да користат бесплатен јавен превоз во вторник, петок и сабота. За пензионерите од Буџетот на Град Скопје издвоени се 600 000 денари за организиран превоз до излетнички дестинации на подрачјето на Град Скопје или на територијата на Република Македонија, со што е овозможена поголема социјализација на старите лица. Градот и во иднина, во рамките на своите можности ќе бара форми и ќе презема мерки што ќе придонесат за збогатување на секојдневниот живот на старите лица, – истакна градоначалникот Трајановски.

Три години по ред Градот Скопје дава финансиска поддршка во износ од 500 000 денари за реновирање на просториите на РЦ Катланово со што на старите лица им е овозможено удобно и корисно рекреирање и одморање во Рекреативниот центар. Во јуни 2012 година, Градот Скопје во соработка со Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Црвениот крст на Град Скопје, отвори Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови (сместен во просториите на Даре Џамбаз, на ул. „11 Октомври" б.б., Општина Центар и на ул. „Вуковарска" бр. 23, Општина Чаир. За оваа намена, од Буџетот на Град Скопје се издвојуваат 2 милиона денари на годишно ниво.

Преку реализација на спомenатите активности, Градот Скопје влијае врз унапредување на квалитетот на живот, здравјето и психофизичката состојба на старите лица, задоволување на здравствените и социјалните потреби и нивна социјализација.

**К.С.А.**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Редовно исплаќање на средства за солидарен фонд

На една од седниците на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, неговиот член Драги Аргировски, претседател на СЗПМ, во врска со Информацијата за дозначените и исплатени средства за Солидарен фонд, во својата дискусија истакна дека одкога се собираат средствата од Фондот на ПИОМ, нема никакви проблеми и дека соработката меѓу СЗПМ и Фондот на ПИОМ е подигната на највисоко ниво. Тој уште изрази и благодарност за досега оствареното на овој план.

Како што е познато, согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување и по дадена согласност од корисникот на пензија, Фондот задржува дел од пензијата за обезбедување на средства за исплата на посмртна помош на членовите на неговото семејство, како и за членство во Здружението на пензионери (членарина).

Висината на задршката за Солидарен фонд изнесува 120 денари, а висината на членување во Здружението изнесува 30 денари, или вкупната задршка од пензијата изнесува 150 денари. Висината на посмртната помош изнесува 30.000 денари, согласно донесената Одлука од Одборот на Сојузите на пензионерите на Македонија.

Според расположливите податоци, во периодот јануари – ноември 2013 година, пресметани се и задржани средства за Солидарен фонд–посмртна помош во вкупен износ од 358.993.560 денари од просечно 271.965 корисници на пензија на кои се врши задршка и истите се дозначени на посебната сметка за оваа намена по месеци.

Меѓутоа, со порастот на бројот на корисниците на пензија во периодот јануари – ноември 2013 год., се зголеми и износот на уплатените средства за Солидарен фонд и членарина. Во овој период се акумулирани повеќе средства во износ од 8.562.648 денари.

Во периодот јануари–ноември 2013 год., во Фондот на ПИОМ се исплатени средства за посмртна помош во износ од 367.200.000 денари за 12.240 починати. Во споредба со истиот период во 2012 година кога се исплатени 372.030.000 денари за 12.401 починати корисници, во 2013 год. тој број е намален за 161 починат корисник и се исплатени помалку средства во износ од 4.830.000 денари. Во првата недела од јануари 2013 год., покрај овие, исплатени се и средства во износ од 11.790.000 денари по поднесените 393 барања за починатите корисници на пензија на крајот на декември 2012 година, со што во 2013 год. вкупно се исплатени средства во износ од 378.990.000 денари.

Оттука, може да се констатира дека во периодот јануари – ноември 2013 год. по основ на задршки на средства за Солидарен фонд се акумулирани вкупно 358.993.560 денари кои заедно со пренесените средства за 2012 год. во износ од 25.760.540 денари изнесуваат вкупно 384.754.100 денари. Во истиот период се исплатени средства за посмртна помош за корисниците на пензија во износ од 378.990.000 денари, а салдото на сметката на крајот од ноември лани, изнесува 5.818.530 денари.

Но, она што е за посебно одбележување е фактот дека Фондот на ПИОМ редовно ја сервисира исплатата на посмртната помош за починатите корисници на пензија, по исплата на пензиите и пренесување на средствата од задршката на корисниците на пензија на жиро–сметката на Фондот – средства за исплата на Солидарен фонд во Трезорот на Министерството за финансии. Според бројот на починатите корисници на пензија во период од јануари – ноември 2013 година, произлегува дека месечниот просек на исплатени починати корисници изнесува 1.112 корисници, односно просечно месечно е исплатуван износ од 33.360.000 денари за надоместокот во случај на смрт на корисник на пензија.

Според податоците најмногу пензионери починале во јануари и јули, а најмалку во август и септември.

Средствата од задршките на корисниците на пензија за Солидарен фонд во просек месечно изнесува околу 32.630.000 денари. Од овој соодност произлегува дека средствата кои се издвојуваат не се доволни да ја покријат тековната исплата на средствата за посмртна помош на починатите корисници и за дел од нив, исплатата се пренесува во наредниот месец.

Значи, и покрај зголемениот износ на дозначени средства за Солидарен фонд, во последните месеци се констатира дека во Фондот на ПИОМ се обезбедуваат средства само за 1.087 починати корисници на пензија во месецот, односно помалку за околу 30 корисници, или има недостаток на средства од 750.000 денари месечно, а годишно околу 300 корисници, или за 9 милиони денари.

Оттука, ваквата состојба може да предизвика пролонгирање, односно задоцнување во исплатата на поднесените барања за починатите корисници.

Во периодот јануари – ноември 2013 година, Фондот на ПИОМ изврши и дозначување на средствата за членарина, која изнесува 89.607.930 денари, и истите се распределуваат за членарина за Сојузот на инвалидските пензионери на СЗПМ и Македонија, Националниот сојуз на инвалиди на трудот и Сојузот на здруженијата на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија.

**М-р. Снежана Кутузовска**

# Огревно дрво за кочанските пензионери

Здружението на пензионери од Кочани и годинава обезбеди огревно дрво за потребите на своите членови од општините Кочани, Зрновци и Чешиново–Облешево. За таа цел е потпишан договор со Македонски шуми во Скопје и со подружницата од Пехчево за набавка на 5.250 метри кубни, односно 7.500 метри просторни дрва за грејната 2013/2014 година. Поучени од искуствата во минатите години кога се создаваа редици за уплата, од ЗП Кочани истакнуваат дека ќе доделуваат бончиња за уплата на дрва .

– Цената за шест метри просторни дрва изнесува 15.180 денари кои пензионерите ќе можат да ги платат на осум рати, од кои седум рати по 2.000 денари, а последната 1180 денари. Притоа ќе обезбедиме дрва за 1250 пензионери, од кои 300 ќе добијат прво огревно дрво преку здружението и на рати, – изјави **Ѓорги Серафимов**, претседател на ЗП Кочани.

Со ваквиот начин на уплата ќе се избегнат турканиците кои се создаваа при првото плаќање на огревното дрво од страна на пензионерите.

**К.Герасимов**

ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година VII– број 66–67
февруари 2014 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Милан Аџиевски,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.




**НЛБ Сребрен пакет**

- VISA Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Тутунска банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**

- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во сите аптеки на Зегин
- **3% попуст во ВЕРО** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката

NLB Тутунска банка

www.nlbtb.com.mk Контакт центар: 02/15-600






**Фиксна телефонија на ONE**

ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:

- Најниска месечна претплата од 149 денари
- Бесплатно го задржувате стариот број
- Иста цена за разговори во цела земја
- Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
- Најповолни цени за разговор
- Бесплатен фиксен телефон – HWCD399

Повеќе информации во **Центарот за грижа за корисници на (02) 181.**

www.one.mk

Признанија за учесниците на Проектот „Скопје се сеќава"

# Доделена благодарница и на СЗПМ

Во Културно–информативниот центар – Скопје, во организација на ЈЦОП „Универзална сала" – носител на Проектот за одбележување на 50 години од скопскиот земјотрес, секретарот на Град Скопје, Гордана Клинчарова, на сите креативни учесници во реализацијата на проектот „Скопје се сеќава", им врачи благодарници за нивната партиципација во комплетирањето на идејното решение за јубилејот.



Директорката на Универзалната сала, **Вера Бошковска**, ги сумираше бројките од реализацијата на овој шестмесечен проект за чествување на жртвите во катастрофалниот земјотрес, кој што во далечната 1963 година му се случи на главниот град на нашава држава, како и за солидарноста која дојде тогаш од целиот свет. Меѓу другото, таа истакна дека во рамките на проектот се одржале околу 50 настани.




За вредниот придонес во проектот за одбележување на петте децении од скопскиот земјотрес и за несебичната поддршка и учество во програмите „Скопје се сеќава" благодарница доби и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, која во името на Сојузот ја прими претседателот на оваа најмасовна невладина организација, Драги Аргировски.

Истовремено, претседателот Аргировски, на директорката на Универзална сала, м–р Вера Бошковска и врачи благодарница од СЗПМ, за нејзиниот придонес за успешното организирање на Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри која што се одржа на 4 јуни 2013 година во Универзална сала, како дел од проектот „Скопје се сеќава". **К.С.А.**

Интервју со Методија Новковски, претседател на ИО на ЗП Ѓорче Петров

# Посебна цел - изработка на социјална карта



**Вашето здружение е едно од најактивните здруженија, членка на СЗПМ. По што го добило тој епитет? Кои активности би ги издвоиле како најбитни во минатата година?**

- Признанието дека сме едно од најактивните здруженија не прави горди, но ни е и поттик да бидеме уште поактивни. Што се однесува до активностите тие се реализираат во континуитет од година во година. Така и оваа година не ги заборавивме нашите членови со ниски примања, како и болните и изнемоштени. За разлика од минатата година, оваа година наместо пакети им дадовме 210 ваучери со вредност од 2000 денари и 5% попуст низ целата година во маркетите на ТЕДИКО. Во финансискиот план секоја година половина од средствата од членарината ги наменуваме за најзагрозената категорија на пензионери од нашето здружение. Исто така, по поволни услови ги снабдуваме членовите на нашето здружение со огревно дрво. За одбележување е и традиционалниот пикник во Сарај на кој дојдоа повеќе од 3 500 пензионери од целата наша држава, а кој се одржа по повод 20 септември денот на пензионерите во Македонија. Исто така имавме забележителен настап на регионалните и републички спортски и фолклорни манифестации. Можеме да се пофалиме дека ЗП Ѓорче Петров е единствено здружение кое има Клубови на пензионери во сите урбани и рурални средини, а имаме и Центар за дневен престој.

Како успешна активност е и спојувањето со другото паралелно здружение на пензионери во нашата општина, за што сме му посебно благодарни за помошта на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и на градоначалникот Сокол Митровски.

За актуелното раководство успех е што успеавме да ги подмириме и сите наследени долгови од 2001 до 2006 година.

**Вашето здружение, кое има интелектуален и организационен капацитет е дбрано за пилот здружение кое ќе изработи социјална карта на членството. Кажете ни нешто повеќе за тоа?**

- Фактот што Сојузот го избра токму нашето здружение како пилот здружение кое ќе изработи социјална карта на членството, за нас претставува и чест и потврда дека добро работиме. Направени се сите основни подготовки за успешна реализација на оваа обемна и одговорна задача. Главен носител на Проектот е раководството на здружението и нашата Комисија за здравство и социјална политика во соработка со Комисија за здравство и социјална политика на СЗПМ. Направен е анкетен односно евидентен лист. ИО на ЗП Ѓорче Петров донесе одлука за реализација на овој Проект, а предвидени се и финансиски средства за истиот. Во подготовка е состанок со сите претседатели на озграноците и се надеваме дека до април ќе го завршиме успешно овој важен Проект. Покрај тоа ќе се вклучиме и со активности во Проектот „2014 – Година на солидарност".

**Покрај изработка на социјалната карта, на што уште ќе бидете фокусирани во 2014 година?**

- Постојат и други проекти и активности на кои работиме. Во тек е заокружување на евиденцијата на членството во електронска форма, како и изработка на членски книшки.

Во здружението користиме компјутер, имаме е–меил адреса и ќе се поврземе на Интернет. Исто така, се подготвуваме за регионалната ревија на песни, музика и игри на која ќе бидеме домаќини, како и за регионалните спортски натпревари. Се надеваме дека ќе постигнеме успеси и на републичките манифестации.

Во тек е формирање на фолклорна пензионерска секција во рамките на КУД „Григор Прличев", а планираме да организираме концерт на соло пејачи од сите здруженија членки на СЗПМ за што постои проект кој ќе го претставиме до СЗПМ за да влезе во календарот на активности.

**Каква е вашата соработка со локалната самоуправа и градоначалникот на општината Ѓорче Петров?**

- Соработката со локалната самоуправа и градоначалникот на општината Ѓорче Петров Сокол Митровски е на посакуваното одлично ниво. Во сите наши и нивни активности настапуваме и работиме заедно во интерес на сите жители. За нашиот забележителен придонес добивме и благодарница од Советот на Општината. Така ќе продолжиме и во иднина.

**Како здружение имате одлични резултати. На што се должи сето тоа?**

- На одговорниот ангажман на сите чинители, на раководствата, на комисиите и телата и на сите чинители кои се заинтересирани за стандардот и животот на луѓето од трето доба на подрачјето на општината Ѓорче Петров. Се разбира дека за тоа придонесува и добрата соработка со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

**Ова досега беше за случувањата во здружението. Како стојат работите на личен план?**

– На личен план, можам да речам дека сум, исто така, задоволен. Читам, слушам музика, шетам, уживам во дружењето со моите внуци. И уште еден успех: Во 2013 година со мојата сопруга прославивме 50 години брак. И за овој јубилеј и за мојот општествен ангажман со кој сакав да постигнам афирмација и активен живот на луѓето од трето доба, многу битна беше и е поддршката на мојата сопруга, за што сум и благодарен. **Калина С. Андонова**

Фонд на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија

# Позначајни решенија во новиот Статут



**Осврт на Станка Трајкова**

Во Службен весник на Република Македонија број 174 од 12 декември 2013 година е објавен новиот усогласен Статут на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија што е законска обврска утврдена во член 246 од Закон за пензиското и инвалидското осигурување – Сл. весник на РМ бр. 98/2012 година.

Во овој текст ќе се задржам на позначајни, нови решенија, а одредбите за утврдување својство на осигуреник веќе треба да се усогласат и со последните измени на ЗПИО (Сл. весник на РМ број 170/2013 година. Додека тоа се случи општо правно правило е дека се применува повисокиот акт, во случајот ЗПИО.

Во општите одредби во членот 3 е утврдено дека Фондот е самостоен во својата работа особено во примена на прописите од пензиското и инвалидско осигурување, но при тоа треба да се има предвид членот 186 од ЗПИО каде што е регулирано дека Министерството за труд и социјална политика врши надзор над законитоста на работата на Фондот, со право да запре извршување на акт на Фондот ако не е во согласност со ЗПИО или ако не е во согласност со Уставот се до донесување на Одлука на Уставниот суд. Исто така и сите нацрт–акти од Фондот подлежат на претходна согласност од Министерството за труд и социјална политика.

Со членот 7 се зајакнува одговорноста на членовите на Управниот одбор и доколку член на Управен одбор отсуствува неоправдано од седниците најмалку два пати едно по друго, Управниот одбор ќе ја извести Владата и ќе даде предлог да го разреши и да именува нов член, а надлежноста на Фондот во однос на нормативната функција се ограничува на донесувања само на акти од областа на работната способност (член 8). Во делот на зајакнување на надлежноста на директорот на Фондот е донесување на упатства и процедури за работните процеси во согласност со ИСО стандардите, како и донесување на насоки и појаснувања заради обезбедување законито, ефикасно и еднообразно применување на прописите од ПИО. Овој инокосен орган се грижи за редовно уплатување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување до 31.12.2008 година, како изворна и законска надлежност, но секако дека директорот ќе се грижи и ќе ја следи наплатата на придонесот и по тоа дата која ја врши УЈП.

Со членот 8 се уредува својството на осигуреник и ставовите 3 и 4 во следна измена на Статутот ќе се усогласат со последните измени содржани во членот 8 од Законот за изменување и дополнување на ЗПИО (Сл. весник на РМ број 170/2013). Во членот 8 својството на осигуреник се утврдува и за шест месеци наназад од поднесување на барањето, а Фондот својството на осигуреник по службена должност го утврдува и врз основа на податоци од надлежни институции, во рок од 15 дена од денот на добивање на податоците.

Позитивно е што во новиот Статут се уредува кои документи треба да се приложат со барањето за остварување право од пензиското и инвалидско осигурување, меѓутоа сметам дека и понатаму треба да се задржат флаерите во шалтерските служби во Фондот на ПИОМ, бидејќи на секоја странка не и е достапен Статутот на Фондот. Имено, во членот 19 е регулирано кои документи е потребно да се достават и тоа:

**1. За право на старосна пензија**

– доказ за престанок на работен однос;
– воена книшка;
– извод од матична книга на родените;
– по потреба и други докази (уверение за бенифициран стаж, доказ за стаж, за стаж навршен во друга држава и др).

**2. За право на инвалидска пензија**

– предлог за медицинско вештачење со наод и мислење за здравствената состојба и работната способност на осигуреникот;
– извод од матична книга на родените за децата;
– медицинска документација издадена во оригинал;
– опис на работни задачи (уредно заверен со потпис, печат и датум на издавање) од работодавецот;
– пријава за повреда на работа (доколку има повреда на работа).

**3. За право на семејна пензија**

– извод од матична книга на родени од подносителот на барањето;
– извод од матична книга на родени за децата (доколку би биле корисници);
– извод од матична книга на умрени;
– извод од матична книга на венчани доколку семејна пензија бара вдовец или вдовица (издаден по смртта на осигуреникот или корисникот на пензија);
– доказ за дополнително навршен стаж на починатиот.

4. **За право на паричен надоместок за телесно оштетување**

– медицинска документација во оригинал;
– доказ дека е во редовен работен однос.

Во членот 25 е содржана нова регулатива и во однос на придонесот, односно решение за плаќање на пристигнатиот придонес и пресметана камата за периодот до 31.12.2008 година што ја донесува овластено лице во филијалата на Стручната служба на Фондот во Скопје, а решение за поврат на повеќе или погрешно уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување, за периодот од 31 декември 2005 година, донесува раководителот на филијалата на територијата каде што е седиштето на обврзникот за плаќање на придонес.

Во случај на поврат на погрешно уплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување за период од 01.01.2006 година, решение донесува директорот на Фондот на ПИОМ, додека за поврат на повеќе или погрешно уплатен придонес, за период од 1 јануари 2009 година донесува директорот на Фондот, по претходно добиено решение од Управата за јавни приходи, која регулатива е незаокружена, бидејќи не уредува што ако Фондот не се согласи со решението на УЈП или претставува само едноставно преземање на решението од УЈП. Општо земено за сите права од пензиското и инвалидско осигурување решение се донесува електронски со користење на софтер за електронско решавање на правата од оваа област, а по исклучок решение се донесува и без користење на софтвер. Решението донесено по електронски пат содржи електронски потпис од јавниот службеник кој ја водел постапката контролорот и раководителот на Филијалата и истото има карактер на јавна исправа. Ваквиот начин на работа веќе функционира во практичното работење на Фондот, како резултат на унапредување на деловните процеси во работењето на Фондот на ПИОМ како значајна институција во примена на прописите од пензиското и инвалидското осигурување.

# Нови клубови во Кочани

Здружението на пензионери од Кочани во соработка со локалната самоуправа од општината деновиве отворија нов пензионерски клуб во населеното место Трчање. Сместен во просториите на некогашниот Задружен дом, клубот ќе го користат пензионерите од ова населено место оддалечено 6 километри од општинскиот центар.

– Се работи за пензионерски клуб во кој се сместени простории на Месната заедница. Во село Тракање имаме 160 пензионери на кои овој клуб им е потребен за дружење и други пензионерски средби. Опремувањето и уредувањето на клубот на пензионерите во Тркање го направивме со средства од Здружението на пензионери Кочани, изјави **Ѓорги Серафимов**, председател на ЗП Кочани.

Деновиве нов пензионерски клуб е отворен и во општина Зрновци каде штро во соработка со градоначалникот Блаже Станков се определени простории во општинската зграда во кои е сместен клубот. **К. Герасимов**

ЗП Делчево

# Вонредна седница на Собранието

Здружението на пензионери во Делчево на 18 јануари вонредно одржа седница на Собранието поради укажувањето од Управата за јавни приходи и од Централниот регистар дека се констатирани недостатоци во документацијата.

Стручните служби повеќе од една година не ги запишале настанатите промени во регистарот по смртта на поранешната претседателка на здружението, со што го доведе во прашање легитимитетот на депонираниот потпис и можноста за електронска комуникација со УЈП.

По аргументираната и на моменти бурна дискусија се констатира дека администрацијата на ЗП грешките ги направила без умисла и бидејќи останува време од уште една година до редовното изборно собрание, едногласно беше одлучено да се повтори целата постапка од пред една година.

Како единствен кандидат за претседател и овој пат беше предложен Славчо Димитровски. Со јавно гласање предлогот едногласно беше прифатен. **В. Маневски**

## Ин мемориам



**Васко Калески** беше долгогодишен пензионерски активист кој даде голем придонес во развитокот на пензионерската организација, а со цел пензионерите да си ги добијат сите свои права кои со својот минат труд ги заслужуваат. Целокупната негова активност е во смер животот на луѓето од трето доба да биде што поквалитетен и по активен.

Калевски беше активен и во ЗП Охрид и Дебрца, од каде беше и делегиран во органите на Сојузот.

Неговото дејствување во рамките на СЗПМ беше во Собранието и во Економско правниот форум.

Покрај во пензионерската организација тој беше активен и во Основната организација на борците како претседател на истата.

Во Охрид, но и во неговото Мешеиште за кое велеше дека во најтешките моменти секогаш било на вистинската страна, како и во Сојузот на здруженија на пензионери Македонија ќе биде запаметен како човек, кој многу совесно и квалитетно ги извршувал сите доверени одговорни функции, а таков бил и како судија и адвокат.

Васко Калески беше еден од примери како треба активно да се живее, но и и старее.

Здружение на воени пензионери

# Заложба за поголеми успеси

Здружението на воените пензионери на РМ отчет за работата и постигнатите резултати во минатата година даде на седницата на Собранието која се одржа на 27–ми декември 2013 година во Домот на АРМ во Скопје. Покрај членовите на Собранието и поранешните претседатели на Здружението Трајко Постоловски и Јордан Јорданов, на седницата присуствуваа: заменикот на началникот на Генералштабот на АРМ, генерал потполковникот Насер Сејдини, потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста со секретарот на ИО Станка Трајкова, претседателот на Градскиот сојуз на ЗП Крсте Ангеловски и претседателите на ИО и други претставници од здруженијата на пензионери од Куманово, Велес, Карпош, Гази Баба и Аеродром.



Поздравувајќи ги гостите и присутните, претседателот на ЗВП **Ѓорѓи Зарински** во името на сите пензионери од Здружението, на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, ја честиташе престижната државна награда „11 Октомври“ за животно дело во областа на новинарството и публицистиката, при што му посака добро здравје и долг живот со желба да слави уште многу такви среќни мигови и со своите лидерски способности и активности, како и досега, да обезбедува поудобен и поквалитетен живот за пензионерите.

Акценти од Извештајот за работата на Извршниот одбор на ЗВП во 2013 година изнесе секретарот на ЗВП **Ефтим Мишовски**, а Програмата за работа со Планот за финансирање во 2014 година ја претстави потпретседателот на ЗВП **Менде Димовски**.

Потпретседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста** во своето обраќање истакна дека е импресиониран од резултатите што ги постигнува ова здружение со скромни средства и во тешки услови за работа и дејствување поради непостоење никакви сопствени простории. Тој посебно ја нагласи подготвеноста на раководството и во такви околности да ги зголеми активностите и со нови импулси и заложби за надминување на проблемите, да постигнува поголеми успеси.

На седницата беше истакнато дека ова здружение е чекор понапред од другите и во однос на формирањето на пензионерската социјална карта, за што изврши анкетирање на членството и со сите припадници оствари личен контакт за подобро согледување на здравствената и социјалната состојба и утврдување на можностите и интересот за вклучување во активностите на Здружението.

По конструктивната расправа за Програмата за работа и Финансискиот план за 2014 готина, истите едногласно беа усвоени.

**М. Д.**

ЗП Карпош

# Тежиште на социјално-хуманитарните активности

Собранието на ЗП Карпош на 26–ти декември 2013 година во проширен состав ја одржа деветтата седница и расправаше за остварувањето на Програмата за работа и Финансиски план од 2013 година. Притоа, Собранието ги разгледа и едногласно ги усвои Програмата за работа и Финансискиот план за 2014 година. Со седницата раководеше претседателот на Собранието **Јован Гиновски**, кој даде воведни забелешки за работата на Здружението во текот на минатата година, а за извршувањето на активностите и постигнатите резултати зборуваше претседателот на Извршниот одбор **Трајко Савевски**.



Седницата протекна во конструктивна расправа по наведените содржини и беше заклучено дека Здружението речиси во сите области на дејствувањето покажува подем во квалитетот на работата и постигнува забележителни успеси. Посебно беше истакнато дека со домаќинско работење и рационално и наменско трошење на средствата сите програмски задачи навреме и во целост се реализирани.

Во набележаните содржини од Програмата за работа во 2014 година тежиштето е изразено на социјално–хуманитарните активности, со што е нагласено значењето на дејствувањето во оваа област токму во 2014 година, која е прогласена за година на солидарност. Според дискутантите, Програмата е мошне конкретна и соодветствува на можностите на Здружението и подготвеноста на раководството за нејзино успешно реализирање.

Покрај усвојувањето на Програмата за работа и Финансискиот план за 2014 година, се донесе и Одлука за измена и дополнување на Статутот на Здружението.

**М.Д.**

ЗП Охрид и Дебрца

# Постигнатите резултати - поттик за нови успеси

На седмата седница на Собранието на ЗП Охрид и Дебрца, која се одржа на 28 декември 2013 година во проширен состав, се расправаше за работата на Здружението во минатата година, а беше разгледана Програмата и Финансискиот план за 2014 година.



Претседателот на ИО **Ѓорѓи Трпчески**, оцени дека во минтата година во сите области се постигнати забележителни резултати. Тој посебно се осврна на успешната соработка со СЗПМ, Локалната самопуправа, невладините организации, како и со ЗП од Струга, Кичево, Демир Хисар и Ресен, со кои во ноември 2013 година беше потпишан Меморандум за соработка.

Секретарот **Стефан Владимиров** во своето излагање појасни дека Здружението функционира согласно Статутот, актите и правилниците, а се задржа и на успесите постигнати во областа на културата и спортот, истакнувајќи го учеството на регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри, како и на спортските натпревари, на кои ЗП Охрид го освои пехарот во трајна сопственост.

Претседателот на Клубот **Јонче Петрески**, информираше за снабдувањето на пензионерите со прехранбени намирници и огревно дрво на одложено плаќање. За резултатите постигнати на спортски план во 2013 година дискутираше и претседателот на Комисијата за спорт **Ристо Трајкоски**, кој искажа пофални зборови за спортистите, кои по третпат последователно станаа републички победници.

Членот на ИО на СЗПМ од Охрид **Зоре Мицкоски**, информираше за активностите и успесите на СЗПМ во 2013 година и кратко ја претстави Програмата за работа во 2014 година, најавувајќи дека Сојузот со сиот свој авторитет и несебичен ангажман полека, но сигурно успева да ги решава највиталните прашања од животен интерес на пензионерите.

Во расправата активно учествуваа и **Крсте Жилески, Добринка Талева, Цветко Божиноски, Крсте Симоноски, Томо Маноски, Наум Евтимоски, Драган Петрески, Кира Гуческа, Слободан Пупиноски, Наум Пуфтоски и Владо Ајроски**, а потоа Собранието едногласно ги усвои Програмата за работа и Финансискиот план за 2014 година.

**К.Спасески**

ЗП Струмица

# Програма во знак на годината на солидарност

Годинашната програма за работа што неодамна ја усвои ЗП Струмица е сублимат од предлозите на комисиите за: општествен стандард; за социјални и здравствени работи; за спорт и рекреација, како и спогодбите за меѓусебна соработка со локалните самоуправи од Струмица, Босилово и Василево. За сите планирани активности во текот на годината здружението има предвидено финансиски средства.

Посебен акцент во програмата е даден на координацијата со урбаните заедници за отворање нови клубови на пензионерите таму каде постојат услови за тоа. Едновремено здружението ќе ги продолжи напорите за излез од повеќегодишниот трансформациски лавиринт за решавање на имотно–правните односи на Домот на пензионерите во Струмица, без кое во место стои реализацијата на предвидената изградба на станбен депанданс за пензионери со нерешено станбено прашање. Тоа дотолку повеќе, што здружението неколку години наназад домаќински ги зголемува и чува средствата во фондот за посебна намена.

Поради иста причина, здружението не може да изврши реновирање на покривната конструкција, фасадата и целиот комплекс на Домот на пензионерите во Струмица, кој е изграден и даден во употреба во далечната 1971 година. Згора на тоа, покривот на објектот е направен со азбестни ребрести табли кои одамна се исфрлени од употреба.

**И.Станоев**

ЗП Сарај

# Со формирање на Актив на пензиорерки - остварена дамнешна желба

Неодамна, во Здружението на пензионерите на општина Сарај, беше формиран Актив на пензионерки. Желба да се формира ваков актив постоела во здружението од поодамна, но заради објективни и субјективни причини досега не беше формиран.

На изборната седница која се одржа во седиштето на Здружението присуствуваа поголем број жени пензионерки од разни националности кои живеат на оваа територија.

На седницата за претседател на Актвот на пензионерки при ЗП Сарај беше избрана Зилфије Рамадани, за потпретседател Слободанка Дечкова, додека за секретар Јованка Ристевска.



По изборот, избраната претседателка на Активот им се заблагодари за довербата на присутните и вети дека со поддршка на сите ќе се ангажира максимално за постигнување што подобри резултати. Избраното раководство даде ветување дека ќе соработуваат со сите жени во Здружението, но дека ќе комуницираат и со активи на пензионерки од другите здруженија членки на СЗПМ, како и со активи и од земјите во соседството.

За таа цел, но и за другите активности ќе биде наскоро изготвена Програма за работа за 2014 година.

**Баки Бакиу**

ЗП Прилеп

# Подобри услови за пензионерите

Пред самиот крај на минатата и почетокот на оваа 2014 година прилепското Здружение на пензионерите со право може да се каже дека беше мошне активно.

Најпрво во Клубот на здружението во рамките на одличната соработка со локалната самоуправа, пензионерите ги поздрави и им посака среќна нова година градоначалникот на Прилеп, **Марјан Ристески**. Тој истовремено со видео проекција и со зборови ги запозна пензионерите што се беше направено во Прилеп во 2013–та година.



Посебно за пензионерите истакна дека наскоро ќе започне со работа градскиот сообраќај со нови автобуси кои ќе сообраќаат низ градот и блиските населени места.

Ден пред Новата година, Собранието на ЗП Прилеп одржа извештајна седница на која претседателот **Кирил Ѓорѓиески** ги запозна членовите со реализираниот план во минатата и програмата за работа во оваа година. Тој посебно го истакна ангажирањето на пензионерските активисти за реализирањето на програмите на сите комисии при ЗП Прилеп.

– Успешни бевме на културен и спортски план, остваривме повеќе екскурзии при што прошетаа низ Македонија и надвор од неа околу три илјади пензионери. Доделивме и еднократна парична помош во висина од скоро милион денари. За 2014 година која е прогласена за солидарна нашата активност ќе ја насочиме кон финансиската помош на пензионерите за што ќе одделиме и повеќе средства. А, секако дека ќе продолжиме со уште позасилено темпо да ги реализираме планираните задачи – истакна Ѓорѓиески.

**К. Ристески**

ЗП Тафталиџе ДДД – Скопје

# Усвоена програмата и финансискиот план за 2014 година

Собранието на ЗП Тафталиџе ДДД Скопје на 27 декември 2013 година ја одржа седмата седница. Членовите на Собранието ги разгледаа и донесоа Програмата за работа на здружението и Финансискиот за 2014 година. По овие значајни документи, пензионерите од шесте ограноци на здружението, во расправата што се водеше беа изнесени бројни интересни и конструктивни сугестии и забелешки кои се вградени во конечниот текст на Програмата и Финансискиот план.

Сите активности главно ќе се насочат кон заштита и унапредување на правата и интересите од областа на пензиското осигурување и здравствената заштита. Покрај другите активности Комисијата за културно–забавен живот ќе работи на омасовување на постојната пејачка група со нови членови. Ќе се организираат посети на театарски претстави, музеи и музички концерти за што ќе се оствари непосредна соработка со АКУД Мирче Ацев.

Комисијата за спорт ќе се ангажира за организирани подготовки за претстојните спортски натпревари. Во текот на оваа година Комисијата за рекреација ќе организира еднодневни излети низ републиката со цел запознавање на пензионерите со културно–историските споменици и знаменитости, и воедно нивно поголемо дружење и со пензионерите од другите здруженија.

Претседателот на Комисијата за здравство и социјална заштита, **Верче Смилковска** истакна дека и во 2014 година ќе продолжат активностите за посета на стари и болни пензионери и укажување на помош. Во соработка со Црвениот крст на општина Карпош ќе бидат организирани трибини за здравствена заштита на пензионерите и мерење на крвен притисок и шеќер во крвта. Ова е обврска која произлегува од неодамна потпишаната спогодба помеѓу ЗП Тафталиџе и Црвениот крст на општина Карпош. Со оглед на тоа дека оваа година СЗПМ прогласи „Година на солидарност“, зголемени активности ќе се организираат и ова здружение.

**С. Билински**

ЗП Бутел

# Со ново име во нови успеси

Здружението на пензионери „Бутел“ како нова членка во СЗПМ и Градскиот сојуз на ЗП – Скопје, почна да се афирмира и да покажува резултати во повеќе области од пензионерското живеење. Создавањето просторни услови за работа минатата година му беше главната преокупација во дејствувањето, а со помош на Локалната самоуправа обезбеди седиште за раководството и отвори неколку пензионерски клубови лоцирани во ограноците, кои просторно се совпаѓаат со урбните заедници. При крајот на 2013 година, на седница на Собранието беа истакнати проблемите, но и резултатите во остварувањето на програмските задачи, кои навистина заслужуваат респект со оглед на околностите и условите во кои дејствуваше Здружението. Затоа и во Програмата за работа во 2014 година е изразена интенцијата кон доформирување на ограноците и отворање нови пензионерски клубови и во руралните средини со тежиште на активностите од социјално–хуманитарната област, – истакна претседателот на Здружението **Љупчо Димовски**.

**М.Д.**

# Традиционално одбележување на празници

Во повеќе здруженија на пензионери членки на СЗПМ традиционално се одбележи Стара Нова година на 14 јануари – Василица.

Активот на пензионерки при ЗП **Прилеп** за овој ден во Клубот на Здружението организираше заедничка средба на преку 120 пензионерки од повеќе активи од прилепските ограноци. Најсреќна на средбава годинава беше Блага Димитриоска, која во нејзиниот дел од мазникот ја пронајде паричката. Таа радосна и весела, изјави дека досега не се почувствувала толку и така среќна.


Берово


Чаир


Демир Хисар

Вакви василички средби се одржаа и во ограноците на Здружението како Тризла, Гоце Делчев, Корзо и други.


Демир Капија

По повод празниците „Стара–Нова година" и христијанскиот празник Василица во ЗП **Солидарност Аеродром** се одржа пригодна прослава. Посетеноста беше масовна и поголема од очекувањата на организаторот, а на задоволство на сите присутни. Голем број од присутните, во рамките на желбата и можностите, по свој избор, донесоа продукти изработени во домашна кујна, со што ја збогатија трпезата која беше предвидена и финансирана од Здружението. На гостите им се обрати претседателот на Извршниот одбор на Здружението, **Димитрија Богатиноски**, кој им посака добро здравје, долг живот и среќа во новата година.


Аеродром

Веселбата беше проследена со убава народна музика, а песните ги поддржаа и гостите кои се покажаа како добри играорци.

Успешното завршување на 2013 година ЗП **Карпош** го одбележа на 28 декември, кога во ресторанот „Каскада", прославувајќи ја Новата година, над 300 пензионери во пријатно расположение со песна и музика се веселеа и дружеа. Исто така, околу стотина пензионери од ова здружение, главно припаднички на понежниот пол, во ресторанот „Христијан", на 14 јануари 2014 година свечено ја прославија и Стара Нова година. Средбата беше организирана од претседателката на Активот на пензионерки Ратка Коколанска, ланската кума (според верскиот обичај за празникот „ Василица" со кршење лепче), а среќната добитничка на паричката Наде Јакимовска беше назначена за нова кума.

Над 430 пензионери од ЗП **Радовиш и Конче**, на 26 декември 2013 година, по повод новогодишните празници одржаа заедничка средба и во прекрасна атмосвера во ресторанот „Шампион" го прославија успешното завршување на годината. Најпрво присутните ги поздрави претседателката на Активот на пензионерки **Павлина Чабукова**, а потоа претседателот на Здружението **Јордан Костадинов**, посакувајќи срдечно добредојде на сите, ја отвори средбата и со задоволство ги истакна постигнатите резултати во 2013 година. Тој посебно му се заблагодари и му оддаде признание на градоначалникот Сашко Николов за поддршката што им ја дава на пензионерите при организирањето на здравствено–хуманитарни акции како и културно–забавни манифестации и спортски активности.

Заблагодарувајќи се на признанието градоначалникот **Сашко Николов** ги пофали пензионерите за нивните успеси и достојното претставување на Општината. Со своето присуство средбата ја увеличија градоначалникот на Општината Конче Благој Јованов и претседателот на Советот на општина Радовиш Никола Миовски.

За спортисти на годината беа прогласени Ѓорѓи Јованов, Лилјана Шароњева и Павле Јованов, на кои им беа доделени тренерки и спортски патики, како и пригодни подароци од градоначалникот Николов.

Активот на радовишките пензионерки за 60–тина свои припаднички на 12 јануари 2014 година во Клубот на пензионерите приреди свечено одбележување и на Стара Нова година, кога според обичајот беше кршено лепче, а паричката му падна на Стојанчо Лукаров.

Пензионерите од ЗП **Демир Капија** работно и свечано ја дочекаа 2014 година. Активот на пензионерки според својата програма собираше облека за деца со посебни потреби во Демир Капија и за нашите сонародници во општината Пустец во соседна Албанија.

Раководството на ЗП Кичево заедно со Активот на пензионерки посетија поголем број стари и болни пензионери и пензионерки во нивните домови и им поделија скромни и новогодишни подароци, како и календар и пригодно го одбележаа верскиот празник.

Скромно, но весело заедно триесетина жени од повеќе националности, од Активот на пензионерки при ЗП **Чаир**, по повод Новогодишните празници, организираа пригодна прослава.

– Прв пат сум на прослава со пензионерките, заедно сите, со добра музика пееме убави песни, играме оро, се дружиме. Знаеме дека музиката ја храни душата, го продолжува животот и таа е придружничка на сите убави монменти–рече **Назима Амети**, учесничка на прославата. А според зборовите на претседателката на Активот **Бранка Ставрова**, белег на оваа прослава дало тоа што пензионерките се покажале како добри кулинари. Целата храна сами ја подготвиле дома: сарма, салати, погачи, кифли, колачи и друго, од што мирисот опиваше, погледот најадуваше, но најважно беше дружењето.

Во весела атмосвера, во Демир Хисар се одржа новогодишен коктел на кој покрај повеќе пензионери и пензионерки присуствуваа претседателот на Здружението на пензионери, Пере Петрески и градоначалникот **Љупчо Блажевски**.

– Многу е пријатно да се биде во друштво со луѓе од најблагородната трета доба. Вие и понатаму ќе бидете наш приоритет, секогаш кога ќе бидеме во можност и прилика ќе поддржиме некој ваш проект или активност–рече градоначалникот Љупчо Блажевски, во кусото обраќање пред пензионерите, истовремено честитајќи им го новогодишните и божиќните празнувања.

За постигнувањата на пензионерската организација говореше претседателот на Здружението **Пере Петрески.**

Традиционална прослава на Стара Нова година организираше и ЗП **Демир Капија**.

– Здружението на пензионерите, откако се издвои од ЗП Неготино од пред повеќе од три години, постигна забележителни успеси. Тоа искажа способност и подготвеност за другарување, за учество на регионални и републички културно–забавни и спортски активности, – рече во поздравниот збор претседателот на ЗП Демир Капија **Благој Кавазовски**.

Присутните ги поздрави и градоначалникот **Трајче Димитриев**, при што им ја честиташе Стара Нова година и празникот Василица, посакувајќи им добро здравје, весело расположение и длабока старост. Покрај ова, тој рече дека Општината, според своите можности и натаму ќе се ангажира во подобрување на комуналната инфраструктура, решавање на невработеноста на младите стручни кадри и на проблемите за подобри животни услови на жителите во општината.

Потоа, според обичајот, минатогодишната кума на пензионерите им подели мали лепчиња, а паричката ја најде пензионерката Гуна Иванова, која беше назначена за нова кума во оваа година.


Радовиш

Исто така, на 28–ми декември 2013 година ЗП **Бутел**, организираше предновогодишна средба во ресторанот „Александар" во населбата Радишани, кога стотина пензионери придружувани со музика, пееа, играа и убаво се дружеа.


Штип

На 13 и 14 Јануари 2014 година меѓу маскираните од 7 до 77 во селото **Подгорци** струшко имаше и голем број пензионери. Оваа василичарска прослава се одржува традиционално под мотото „Вгодина повесели и порадосни.


Бутел

**К.Р. И.Г. Л.М. А.Р. В.П. З.С. М.П. С.К.**


Подгорци

ЗП Пробиштип

## Градоначалникот меѓу пензионерите

Градоначалникот на општината Пробиштип, Тони Тоневски по два–три пати во годината остварува средби со пензионерите и како што вели се чувствува многу пријатно меѓу нив слушајќи ги нивните мислења, забелешки и сугестии, зашто во нив ги гледа градителите на нашиот град и општината. Градоначалникот Тони Тоневски, со претседателот на Советот на општина Пробиштип Ранко Давитков се сретнаа со граѓаните од трето животно доба на 26 декември, за да ги презентираат реализираните и планираните активности.



– 2013 година е најуспешната година во изминатиот период за општината, – го започна своето излагање градоначалникот. Потоа ги наброи, капиталните објекти кои се изградени во 2013 година.

Градоначалникот Тоневски се наврати и на грижата за здравјето на најмладата популација обезбедувајќи им на дечињата бесплатни ортопедски прегледи, а во делот на социјалата е отворен Центар за социјални работи во Злетово за кој се чувствува потреба од поодамна.

Најголем интерес кај пензионерите предизвика залагањето на градоначалникот за отворање рудник во Плавица – пробиштипско, наоѓалиште кое е меѓу најбогатите со злато, а со неговото отворање се отвораат 700 нови вработувања. Во делот на спортско рекреативниот центар Пониква, да се рекреираат и постарите граѓани.

Во врска со реализираните и планираните активности присутните пензионери поставија повеќе прашања на кои градоначалникот исцрпно одговараше. Средбата заврши со ветување на градоначалникот за нова средба во пријатот квартал во 2014 година и уште поголема соработка со Здружението на пензионерите. **М. Здравковска**

ЗП Богданци

## Солидарност за најранливата категорија

Пред Нова година седница на Собранието одржа и ЗП Богданци. Беше разгледан извештајот за работата на Здружението во минатата година и Програмата за 2014 година. Членовите едногласно го усвоија Извештајот задоволни од постигнатите резултати во културата, спортот, хуманоста и од соработката со локалната самоуправа...

Едногласно беше одлучено на најзагрозените и немоќни пензионери да им се поделат пакети со најнеопходни секојдневни потреби. Се истакна дека со нив е потребно да се поразговара и да се споделат тешкотиите со кои се соочуваат во секојдневниот живот. Според податоците на списокот за помош се најдоа околу 150 пензионери од Богданци, Стојаково, Ѓавото и Селемлија, кои ќе бидат посетени од членовите на Раководството и комисијата формирана за оваа активност.

По повод успешното завршување на годината ЗП Богданци за педесетина најактивни пензионери организираше предновогодишно дружење во Дојран.

**Д.Чавдаров**

ЗП Куманово

## Активности и резултати за пример

Собранието на ЗП Куманово на 24 декември 2013 година ја одржа петтата редовна седница на која ги разгледа и усвои Извештајот за работата во 2013 година, Програмата за работа и Финансискиот план за 2014 година. Со седницата раководеше претседателот на Здружението **Спирко Николовски**, кој на почетокот ги поздрави присутните и гостите од Здружението на воените пензионери, потпретседателот на ЗВП Мендо Димовски и претседателот на огранокот „Центар" Станоја Ерик, а потоа поднесе воведно излагање за работата на Собранието и на Извршниот одбор во 2013 година. Тој ги образложи главните сегменти на дејствување во повеќе области, со посебен акцент на социјално–хуманитарната активност, на културно–уметничките и спортско–рекреативните активности, на здравствената заштита, информирањето и друго.

Импресиониран од активностите и успесите на ова здружение, во поздравниот збор потпретседателот на ЗВП **Мендо Димовски**, покрај другото рече: „Збратимени сме помалку од една година, од вас научивме како да планираме, како да програмираме и да работиме. Вие сте ни репер за се, од вас учат и други здруженија. Ви благодарам за збратимувањето и за соработката и ви посакувам уште поголеми успеси".

**Љубица Кузмановска**, потпретседател на Собранието, поднесе воведно излагање за Програмата за работа во 2014 година, а за работата на Надзорниот одбор зборуваше претседателката **Снежана Аидова**, која го образложи реализирањето на стариот и го предложи новиот Финансиски план за 2014 година. **Вејсел Рамизи**, претседател на Одборот за статут и правни прашања зборуваше за активностите од својата област, а ја образложи и програмата за работа на Одборот во 2014 година. Во расправата активно учествуваа голем број од присутните.

Сите документи за кои се расправаше, Собранието едногласно ги усвои со заклучок со истите да се запознаат и членовите на ограноците.

**Мирко Макрешански**

ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Црно семе

***Бог да го брани човештвото од намислите на деструктивниот ум.***

Мислата наведена погоре не е цитат, туку моја констатација која не е којзнае каква мудрост, колку што овозможува директен влез во темата. Не сум сретнал здраворазумен човек, кој **со таква неподнослива леснотија и без грижа на совест, може да смисли такви скаредни науми како капетанот Костадини Скалумбакис и потпоручникот Маки,** команданти на осамениот каменест, нерамен и со скржава вегетација, остров во Егејот, каде без никаква одговорност, срам и перде го сеат **црното семе на злото**, го хранат и негуваат за да **се зачипчи** и да пушти длабоки корени во туѓата почва за навек, да потера **црна билка со вечно траење.** Ова е најконцизна рецепција на култниот роман **Црно семе.** Авторот, **Ташко Георгиевски**, корифеј на плејадата творци родени отаде границата на Република Македонија, делово го конципира како темелник на циклусот од шест романи: **Црно семе**, **Змиски ветер**, **Време за молчење**, **Рамна земја**, **Исчезнување** заклучно со **Црна билка**. Секој од нив одделно, бидејќи се самостојни целини, и сите заедно, затоа што тематски, структурно и стилски стануваат грандиозна епопеја на прогоните и страдањата, кои **педесет илјади Македонци** претворија во откорнатици и талкачи, **без своја родна земја.**

**Ташко Георгиевски** и самиот е еден од нив. **Роден е на 15. март 1935 година во село Кронцелево, Воденско, Егејска Македонија.** Во Скопје студирал на Филолошкиот факултет. Работел во младинскиот весник **Млад борец** и во списанието **Современост.** Бил уредник во **РТС** и во издавачките куќи **Мисла** и **Македонска книга**. Член е на Македонскиот ПЕН центар, на ДПМ од 1957, како и на **МАНУ** од 1983 година.

Покрај наведениот циклус романи, автор е и на на **четири други романи**, **три збирки раскази**, **Плочата на животот**, (автобиографски белешки), **четири сценарија** за играни филмови, **тв и радио драми**. Ги има добиено наградите: **Кочо Рацин, 11.Октомври, 13. Ноември, Стале Попов, Рациново признание.**

**Почина на 13 април 2012 во Скопје**.

Црно семе, според мое мислење, ја доловува суштината на македонската трагедија, започната во првата половина на 20 век, а конечно е запечатена со Граѓанската војна во Грција 1946/49 година. Од вкупниот број **„бежанци" 30 000 се прифатени во Југославија,** другите **20 000** во државите на Источна Европа.



**Во Бер, Доне Совичанов, од Саракиново, Воденска околија, Ендопин (тукашен) Македонец,** ќе биде обвинет дека пишува пароли и агитира за пребег кај партизаните. Доне е, речиси, неписмен. *„Аjде напиши нешто"!* Некако нацртал три различни букви како тројца да ги пишувале. Тоа било доволно да му оформат предмет за воен суд. **Во Његуш** поминал низ понижувачка тортура за да потпише дека **е лојален на кралот и се откажува од комунистите**. *„Како да потпишам нешто што не сум ",* се бранел.

Ги напикале во еден мал брод, го залостиле одозгора, без поширок отвор за дишење, лишени и од голтка вода. Ги носат во **„безбедносните баталјони",** всушност во казненички логори. *Ако некој нема претстава за пеколот, на импресивен начин романов ќе му ја оживее таа **хорор слика**.*

Сеедно е: дали Доне Совичанов има свој прототип кој до гроба ќе ја носи својата жива приказна, потиснувана, а никогаш неисписната. Впечаток е дека **Доне е инкарнација на секој тврдокорен Македонец**, таков ќосав, без ни едно влакно на главата, на веѓите, на лицето **(„како гол газ"** - вели капетанот) – **за да боде очи.** Како што секој Македонец **е раска во окото на поробувачот.** Којзнае дали таква метафора е свесно градена, но возбудливо е да се мечтае...

Трубата секојдневно, сред пеколното пладне, петнаесет–дваесет пати ги вади пред надзидокот на кој се перчи Скалумбакис, да пеат песни за Грција и за кралот. Двајцата потпоручници шетаат меѓу заробените. Маки му приоѓа на Доне: *„Ти со лејката, зошто не пушташ глас кога го вртиш јазикот"? „Пеам, господине!" „Ја знаеш песната или пцовки вртиш со јазикот"? „Ништо не вртам со јазикот, господине, само песната".* Но кога Маки ќе си спомене од каде е и кој е Доне, ќе вресне: *„Ами зошто пееш кога си од таму? Ти не ја носиш Грција во срцето! Зошто ја пееш оваа света песна"?* И посилно ќе му го притисне грлото со стапот со кој ги тепаат. ***„Господине поручниче, малечко срце имам... што може да се стави во него... носам..."!*** **Грчето Нико** посилно ќе ја извика песната, оти во нејзиното секнување, зборовите на Доне ќе прозвучат како чист подбив. Грчето, додека го водат зад ѕидот, гневно ќе рече: *„Во оваа мочана Грција ни Гркот не може да биде Грк"*.

Офицерите, како и на другите млади момчиња, ќе му ја скрнават машката гордост.

***Христос***, си го носи името што му прилега: висок, слаб, толку стопен што не е јасно како кожата успева да ги задржи коските на место. Питом и гриждив, готов да помогне. На островот ќе се гради црква. Христос станува ѕидар. Тоа како да му дава некоја сила. Кога градбата ќе привршу пак е тажен. *„Што те измачува, мој Христосе",* тивко прашува Доне. Молчи. Една вечер не додржува: *„Што ќе стане со нас кога ќе ги набесиме по ѕидовите сите оние светии, ќе нè заштитат ли кога ќе видат што се случува со нас"?* Доне знае дека ништо нема да се промени, но не сака да го лиши од секаква надеж. А каква надеж може да го прикрепи? Додека работел на црквата, не издржал и потпишал. Капетанот го испратил писмото со потписот во селото, до жена му, но за да го добие одговорот побарал да му предаде 1500 живи муви. Не успева, но овој пат му го дава писмото како додатна казна: жената не му простила, го проколнала.

**Серчанецот, студентот Парис,** кој покрај уката на факултетот научил и друга ука: како човекот да се ослободи од јаремот што го стега. Го фрлиле во морето со жива мачка во гаќите. Испливал со мачката во устата откако ќе го прегризал грклаленот. Тој е виновен дури и затоа што се вика Парис, името било прикладно за кралското семејство, а не за некаква комунистичка банда.

Експресијата е адекватна на здравиот реализам, без идеолошки премиси. Материјата е грозоморна. Затоа Георгиевски е економичен, избегнува пресилни зборови, да не ја заматува сликата со ненужна патетиката.

**Црно семе е морничав, автентичен роман, кој треба внимателно да се прочита, сериозно да се промисли, да се освести националната траума.**

**Борис Шуминоски**

# Зимски утра

Снегот оваа година не изненади срамежливо 2–3 пати. Сребрените кристали накитија се наоколу и ни даруваа радост и свеж воздух. Телото па и душата добиваат крепкост и снага за предизвиците на денот по ноќниот одмор. Сè во природата функционира во беспрекорен баланс па така и човекот кој е дел од неа има потреба од него. Зимските утра имаат големо значење. Утрото на Божик, Нова Година или на Василица се посебно торжествени и важни за престојната година. Во светот во кој се рушат традиционалните вредности старите луѓе ги одржуваат и се нивни сведоци. Потреба на младите денес е да ги испрепелкаат вредностите, да ги преиспитуваат и да создаваат нови. Музеите, книгите и носачите на звук и слика се голем извор на изразот на традиционалните вредности. Сепак, живата изведба и допир до старата игра, песна или занаети е незаменлива. Празничните чествувања се како пукнатина во која се откриваат сите нијанси на традицијата. **Пред опасноста прогресот во развојот на технократијата се пронаоѓаат чисти извори со кои биле напојувани и се напојуваат душите на луѓето. Напливот на американската хот-дог и бургер (не)култура која се промовираше како нешто најнапредно и најинтересно остана потребата на луѓето млади или стари да а преиспитаат својата автентичност и да го зацврстат својот сопствен лик. Ние можеме да прифатиме се што е навистина убаво и позитивно од било кој крај на светот притоа имајќи ја за основа својата сопствена традиционална култура која претставува своеовидно сито низ кое се просејуваат сите вредности.** Во традиционална култура спаѓа сè што му е суштествено на човекот без кое тој би се расчовечил. Затоа како што треба да ги учиме младите да одат по средниот, сигурен, царски пат, кој искрено речено ни е предаден во најчиста форма од предците, така и самите враќајќи се во него никогаш не треба да ја изгубиме самодовербата и самопочитта. Како што треба да се испочитува балансот на природата на чиј супериорен дел сме, така треба да ги испочитуваме и автентичните културни, традиционални народни теченија. Ако потребно мото на животот може да ни биде „ништо без мера" тогаш сите и стари и млади треба да се навратиме назад во големите ризници на културно народно предание. **Затоа што и самата местоположба не направила коректор на мерата помеѓу истокот и западот.** Покрај нападот на животворноста на нашиот национален идентитет и намалувањето на наталитетот на овој начин никогаш нема да заборавиме кои сме и никогаш квантитетот нема да може да го победи квалитетот. Никогаш злото нема да стане добро, ниту лагата вистина, ниту пак темнината светлина. Како и на кој начин ќе го сториме тоа секој треба да го пронајде својот пат и начин. Да не бараме лесни и инстант решенија. Да се потрудиме да го пронајдеме вистинскиот начин. Старите луѓе денес и немаат услови за некој консумеризам затоа што понекогаш се финасиски стожери на семејствата но, од тој светоглед и начин на живот треба да ги оддалечуваат и младите. Да ги пронајдеме пословиците во кои се слави работата како суштествена на човекот. Ако сме почитувачи на народното културно предание за предадеме нешто што го имаме во автентичен облик. Некоја приспивна песна, реденка, брзозборка, особено рачна работа. Типкањето по тастатурата и гледањето во мониторите или телевизорите нека биде ограничено. Или уште подобро времето поминато покрај овие чуда да го исполниме во скенирање на стари семејни фотографии и правење историјат на семејната лоза.

Да се учиме на здрав живот и на тоа да ги учиме и наследниците и тоа со свој пример. Извор на долговечноста и виталноста се токму девизите за средниот, царски пат и за мерата. Што е најважно и постојаната работа на отворено, во бавча. Благодет на кој биле навикнати наште баби и дедовци. Ние ниввите деца со копнеж се сеќаваме што беше она што најмногу го запаметивме од нив. Лулките под отворено небо. Летна манџа од свежо набрани продукти. Пита под вршник. Едноставноста и неповторливоста. Ниввното неостапување од традицијата.

Зимските утра знаат да бидат тмурни и неиспиративни. Но, да почекаме додека убавицата Земја доволно ги прими и стопли во себе паднатите семиња. Таа сега е накитена со зимски бои. Како да го преиспитува нашето трпение да ја дочекаме светлината. На село можеби ќе гледавме често во печката со разгорени дрвја радувајќи се на стихијата и ќе сечевме дрва но, сега сме потполно обезбедни со парно греење. Како да не се предадеме на смогот кој не гуши?

Топло им ги препорачувам на постарите бесплатните денови за возење на жичарата на Водно. Ако не сте биле навистина ќе доживеете преубав поглед на околните села и планини. Прочистувањето на телото е особено ефектно наутро со неколку чаши вода, а прочистување на душата со предаинските доблести на скромност, милостивост, простување, трпение, расудливост. Можеби постарите луѓе ќе ни помогнат да ја најдеме мерата и средниот пат.

**Маја Белева**

# Пензијата е сè подалеку од Американците

Неколку неодамнешни истражувања, кои биле спроведени во Соединетите Американски Држави, покажуваат дека поголемиот број работници се очекува да се пензионираат подоцна отколку што имале претходно планирано. Погодени од рецесијата, која што значително ги намалила инвестициите и реалната вредност на домовите, повозрасните Американци, најверојатно веќе се помириле со тоа дека пензијата веќе не претставува и заминување од пазарот на труд. Имено, според истражувањата на Асошиејтед прес (Associated Press), дури 82% од американските работници постари од 50 години очекуваат дека ќе мораат да работат за плата дури и откога ќе се пензионираат. Резултатите од истата анкета, покажуваат дека 47% од испитаниците очекуваат дека ќе се пензионираат подоцна отколку што мисллеле. Мажите, малцинствата, родителите со мали деца, како и оние кои што заработуваат помалку од 50.000$ годишно и кои немаат здравствено осигурување, се повеќе подготвени да ги менуваат своите планови.

Кога станува збор за факторите кои што на работниците им се важни за донесување на одлуката за заминување во пензија, 78% ги имаат наведено финансиските потреби, 68% здравјето, односно способноста да ја извршуваат својата работа, 67% ги наведуваат привилегиите кои ги уживаат вработените.

Поместувањето на границата за заминување во пензија се совпаѓа, односно се поклопува со трендот на работење и на старост, односно во поодминати години. учеството на повозрасните Американци во активната работна сила, од 1990 година, е во постојан пораст. Повозрасните работници денес се најбрзо растечки сегмент на американскиот пазар на труд – се очекува дека луѓето постари од 55 години ќе учествуваат со 25% од работната сила до 2020 година. Ниту животот по пензија, не е како што бил некогаш. Стереотипот за селидба и поминување на мирни пензионерски денови на Флорида, е веќе одамна мртов. Помеѓу Американците кои што веќе се пензионирани, 4% од нив бараат работа, додека 11% веќе работат.

Впрочем, интересен е и фактот што и оние кои сеуште не се пензионирани, според истражувањето, покажуваат уште поголем интерес за да продолжат со работа. Односно, 47% од испитаниците се изјасниле дека најверојатно ќе продолжат да работат и после пензионирањето, додека 35% од нив велат дека не ја исклучуваат таа можност.

Според финансискиот планер Бред Гликман, дефиницијата за пензија во САД е веќе променета. **„Денес нашите клиенти ги прашуваме: што ќе биде вашата работа после пензионирањето?"**

Така е во САД, но веројатно и во многу други земји! **Благој Арсов**

# Пензионерскиот клуб во Стојаково со клуч на врата

Повеќе од една година пензионерите од Стојаково се соочуваат со немање пензионерки простор за дружење. Просторот што беше одстапен на јужниот дел од Домот на култура денес не работи. ЗП Богданци за функционирање на пензионерскиот клуб потроши седум илјади евра. Беше адаптирана просторија за пензионерски клуб со нова електрична инсталација, тоалет, шанк, поплочен под, маси и столици, но сето тоа функционираше само две години. Пензионерите од Стојаково предложија лице што ќе работи во клубот и ќе плаќа надоместок секој месец на здружението. За тоа има договор со корисникот заверен на нотар во ноември 2012 година. Вратите на клубот се одамна заклучени, струјата е исклучена, а пензионерите од Стојаково останаа без своето катче.

Зошто? Лицето што работеше во домот не плаќало струја цело време, па истата беше исклучена. Бројчаникот за струја гласи на Општина Богданци, Општината ја платила струјата, но вратата на клбот се уште е заклучена. Општината ги бара парите што ги платила за електрична енергија. Стојачките пензионери се револтирани и бараат проблемот да се реши преку судска расправа. До каде и до кога ќе се одолжува овој проблем, никој не може да каже, но како што стојат работите, пензионерите од Стојаково уште многу време ќе го гледат клучот на вратата. Несфатливо е како дошло до оваа состојба кога насекаде се адаптираат напуштени простории за да им бидат свратилиште на пензионерите, а во Стојаково убаво опремено катче за пензионерите пропаѓа повеќе од една година.

Кој треба да понесе одговорност за несфатливата ситуација? Кој треба да го пресече Гордиевиот јазол за да профункционира пензионерскиот клуб во Стојаково? **Д.Чавдаров**

Старски дом „Хотел Идила"

# Пет месеци низ релаксација, дружење и патување

Гостите на Хотел Идила веќе пет месеци уживаат во комфорот и спокојот што им се нуди, во чистиот воздух и панорамскиот поглед кон градот и во убавиот и топол сончев зрак. Тие во релативно краток период на престој, оствариja многу активности и вон хотелот. Користејќи го убавото време го посетија средно Водно, па со жичарата го достигнаа и Милениумскиот крст за бесценето да уживаат во прекрасниот поглед на Скопје. Здружено и организирано ги посетија и скопската зоолошка градина, паркот на езерцата во населбата Аеродром, Манастирот Св. Наум, реконструираните конаци на Манастирот Св. Архангел Михаил...



Исто така, Хотел Идила заедно со своите гости и дечињата од домот за деца без родители „11 Октомври" организираше акција за посадување дрва во дворот, каде после подарувањето на природата над триесетина нови садници, акцијата ја завршија со заеднички ручек и убаво дружење.

Потоа, есента беше и повеќе од погодна за посета на театарската претстава „Скрб и утеха" и на новиот Музеј на македонската борба за државност и самостојност. Есенските месеци беа богати и со родендени, како на гостите така и на вработените, па не се пропуштија можностите за прослави со песна, македонско оро и свечена трпеза.

Со активности тие продолжија и пред новогодишните празници, се дружеа во придружба на музичкиот бенд на младинците од СОС Детското село, а со песна и убава музика ја прославија новогодишната ноќ, со честитки и желби за уште поведра и посреќна 2014–та година.

Честитки за успешна и среќна 2014–та година, гостите на Хотел Идила им упатија и на дечињата од „11 Октомври" подарувајќи им новогодишни пакетчиња и уживајќи во убавата новогодишна приредба.

Прошетки, дружење, шаховски средби и предавања за здраво стареење, беа дел од активностите во Хотел Идила во првите пет месеци. Со сплотени сили и ведар дух нив ги очекуваат нови искуства, прослави и дружења во периодот што доаѓа. **К.С.А.**

Премиера на „Вечната куќа” за пензионерите

# Приказна за вечноста на Македонија



Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, во соработка со Раководството на новиот МНТ во Скопје, за пензионерите од здруженијата во Скопје, Велес и Куманово, на 26–ти декември 2013 година, обезбеди премиерно прикажување на култната драмска претстава „Вечната куќа” од познатиот македонски автор Јордан Плевнеш. Со оглед на поволната цена на картите (намалена за половина), интересот за претставата беше мошне голем, така што еден дел од околу илјада пензионери, претставата ја гледаа наредниот ден.

Уште на почетокот, пред премиерата, пензионерите беа воодушевени од надворешниот изглед на новиот МНТ и целокупниот внатрешен амбиент. Во холот и во салата, додека си ги заземаа своите места, погледот магнетно им го привлекуваше орнаментиката преку која се прикажани мотиви од нашето културно наследство, од цркви, манастири, артефакти и уште какви не исклучителни историски објекти и докази. Чекајќи ја пртетставата секому пред очи му се отвори богатата македонската култура и историја. Секој посакуваше да потрае таа глетка за да ги овековечи импресиите во својата меморија.

Но, и кога се отвори сцената, повторно настапија нови пријатни изненадувања. Само што започна приказната за „Вечната куќа”, воодушеви промената на амбиентот со ефектите што се постигнуваа со помош на современата сценска технологија, која најмногу доближува до реалноста и ги збогатува доживувањата. Потоа во прегратки ве зема приказната, со која, како вели авторот, го остварува својот чеховски сон за трите жени, кои ги играат Искра Ветерова, Дарја Ризова и Драгана Костадиновска.

Во пиесата главниот простор го има куќата која во оваа претстава на свој начин ја симболизира Македонија, која низ векови е освојувана и поробувана, а никој не можел и не успеал да ја уништи. Затоа, таа останува вечна. Тоа е приказна за една жена која 60 години секој ден носела ливче на ѕидот на плачот, барајќи да и биде вратена куќата. Но кога девојката со 100 клуча ќе влезе во куќата, од секоја соба излегува нов сопственик, кој тврди дека има непобитни докази дека таа е негова. Тоа е клучната тема на Македонија, која сите ја својат и сакаат да ја имаат.

Според истакнатиот режисер Дејан Пројковски, главниот лик во претставата Стела Беневиста доаѓа од Ерусалим во Скопје и со тие 100 клуча отворајќи ги собите, го отвора своето срце и тука почнува да ги бара одговорите на сите прашања, да ја отвори темата за бога, за семејството, за човечкиот живот...

Во претставата учествуваат 80–ина актери од сите генерации, но и студенти од Факултетот за драмски уметности и од ЕСРА. Сценографијата е на Валентин Светозарев, костимографијата на Благој Мицевски, а музиката е на Горан Трајковски.

На крајот, сцената повторно широко се отвори и претставувајќи се, еднододруго се наредија актерите отпоздравувајќи на бурните аплаузи на пензионерите, кои подолго време стоеја и воодушевено ракоплескаа. И откога заврши претставата, тие меѓусебно си ја прераскажуваа приказната и се соживуваа со настаните и ликовите, ставајќи се во улога на чувари на вечноста на куќата, но и на Македонија.

**Мендо Димовски**

# И по пензионирањето твори



Неколку мали дечиња насобрани околу нивната другарка гледаат како се раѓа цртеж на мазната влажна земјена површина создадена после топлиот летен дожд. Верувале или не тоа била првата „изложба во живо” на денешната сликарка во пензија, Тања Ефтимова која со љубов и носталгија многу често се враќа низ спомените на тие први допири со сликарството.

Денес Тања Ефтимова иако го завршила својот работен век како наставничка по ликовно воспитание во основното училиште „Св. Кирил и Методиј“ во Свети Николе, таа и понатаму твори и со сликањето си ги разубавува пензионерските денови. Среќна е и ужива во животот во својот дом, кој е топол, пријатен, полн со љубов, гнездо каде се собираат нејзините најдраги. Ѕидовите од станот се украсени со нејзини дела, но и со слики на нејзината ќерка Маја која чекори по патот на мајка и, која е исто така ликовен уметник и наставник во истото училиште.

Уморот и здодевноста, двата најголеми непријатели на човекот, за Тања не постојат. Таа ужива гледајќи како од празно, бело платно со потезите на четката оживува некоја стара куќа или преубав пејсаж. На прашањето која сликарска техника може да го возбуди духот на сликарката Тања еве што ни одговори:

– Уште од самиот почеток на творештвото, од основното училиште, преку средното ликовно, студентските денови на Педагошката академија во Скопје, најомилената техника ми е акварелот. Со бои сакам да ја овековечам старата архитектура која полека, но сигурно исчезнува, но сликам и пејсажи и портрети.

Тања како уметник и наставник ги прифатила своите ученици како свои деца, гласот никогаш не го подигнала, секогаш тивко и пријатно ги советува своите ученици. Под нејзино раководство и посветеност започнал сликарскиот пат на многу нејзини ученици, како ликовни уметници кои живејат во нашата земја, Канада и Америка. Честитки за роденден и Нова година не заостануваат. Тоа се најзините награди, задоволства и потврда дека Тања е добар човек, уметник, педагог и наставник. Но вистинска награда таа добила и за својата самостојна изложба во Домот на културата во Свети Николе. Како и секој учител и голем човек, на Тања и се најдраги многуте пофалници и награди за освоени први и втори места, со кои се закитиле нејзините ученици, од кои ги издвојува: наградата на републичката изложба на детски ликовни творби „Земјо моја сакана во 2000 година”, во Скопје, но и онаа во 1995 година во организација на ООН, кога учествувале стотина основни училишта. Кога се влегува во холот на училиштето „Св. Кирил и Методиј“ ќе ви посакаат добредојде светите браќа Кирил и Методиј насликани на големо платно – дело на ликовен педагог Тања. И денес осум години по пензионирањето Тања задоволно чекори низ животот создавајќи дела.

**Вукица Петрушева**

## На тебе - за тебе



Ти си ѕвезда на изгревот
Грееш како ѕвезда Венера
Ги топлиш, срцата наши
Сееш љубов насекаде
Со што го гасиш
Огнот на срцето.

Во очите твои цути
Цвеќе со бои на виножито
Полеано со капките
На росата на љубовта.

**Благоротка Стојчевска**
**пензионерка од**
**Крива Паланка**

Средба со повод

# Љубовта кон луѓето - инспирација за пишување и сликање



Повод за средба со писателката и ликовен уметник, Марија Ѓорѓиоска беше промоцијата на нејзината седма по ред книга – романот „Бабините бисерни обетки”. Книгата ја промовираше Слободан Беличанец, а делови читаше писателката и пензионер Мирјана Р. Селчанец. Со културно забавна програма, ова дружење го збогатија членовите на КУД „Пензионер” при ЗП Прилеп. Книгата ја издаде друштвото за наука и уметност од Прилеп.

Која е Марија Ѓорѓиоска?

Родена е во Прилеп 1945 година. Пред да се пензионира пред повеќе од 10 години, работеше како техничар и контролор во фабриката за прецизна механика „Микрон“ во Прилеп. По пензионирањето, она што го носела во себе долги години, и одвреме навреме го пишувала и објавувала во некои весници, сега почна да гледа „бело видело”. Од 1997 година, Ѓорѓиоска, речиси секоја година издава – печати по една книга. Досега има напишано и издадено седум книги поезија и проза. Како што вели, пишува откако знае за себе. А истовремено и слика. Најпрво пред јавноста се појави романот за деца „Емилија”. Многу брзо по неа ја објави книгата поезија „Искри од душата”, потоа романите „Гнило гнездо”, „Да си простиме”, „Изминато време”, „Издишки од срцето” и најновата „Бабините бисерни обетки”. Љубовта на Ѓорѓиоска и е непресушен извор на идеи. Кај неа идеите за пишување и сликање се испреплетени. Со промовирањето на првата нејзина книга истовремено изложи и повеќе слики. Така и овој пат, на промоцијата на најновиот роман таа изложи и седумнаесет слики во масло на платно со картон. И како писател и како уметник, Марија се потврдила пред прилепската јавност, а и пошироко. За романот на промоцијата говореше Слободан Беличанец. Промовирајќи го нејзиното најново дело Беличанец истакна:

„Бабините бисерни обетки” не е само роман за машко – женските односи и чувства. Тој е социјално – моралистички роман за личната, семејната и колективната драма на македонските луѓе за време на транзицијата. Романот сведочи за тоа дека од бурниот преоден период човек не може да се скрие под стакленото ѕвоно на самоизолацијата.

Моралните дилеми и душевните особини на неговите херои и хероини се прикажни преку возбудливи внатрешни монолози и животно уверливи дијалози. Кај Марија Ѓорѓиоска нема женска пристраност во портретирањето на машките и женските ликови, ни поделба од типот добри, морално чисти жени, и лоши, морално проблематични мажи.

Романот се случува во Прилеп, за кого авторката има посебна љубов и приврзаност. Пејсажните описи на градот и неговата околина, во разни годишни времиња, се еден од несомнените доблести на романот.

Насловот „Бабините бисерни обетки” има метафорично значење. Тој ја отсликува и авторкината носталгија за времето на нашите баби и дедовци, кога се оставаа во наследство, не само драги предмети, ами и морални особини со трајна вредност.

– Романот ја покажува опасноста на моралната корозија, што бесмислено ја подјадува човековата егзистенција. Насликан е подемот и падот на припадниците на општествените слоеви низ драмата на семејства и генерации. Пишувањето, а и сликањето за мене е издишка од душата. Тоа се приказни за нашите сограѓани. Моите дела се вистинити, тие се случиле и јас знам на кому и кога. Љубовта отсекогаш ми била инспирација за пишување. Сакам сè да заврши убаво, луѓето да бидат среќни и да се сакаат меѓу себе. Тоа што го чувствувам го пишувам и сликам – ни рече писателката и сликар Ѓорѓиоска во нејзиниот дом кој повеќе наликува на мала библиотека и ликовна галерија.

Марија пишува во зимските денови, а слика преку летото. Сега веќе има подготвено за печат уште еден роман, „Аманет”, за кој се надева дека ќе биде претставен на јавноста идната година.

– Имам насликано преку 550 слики во масло на платно со картон. Тоа се пејзажи, мртва природа, портрети... Досега имам организирано 10 самостојни изложби и неколку заеднички со колеги од друштвото на ликовните уметници од Прилеп. Дел имам подарено, некои и продадено, а поголем дел од нив ги красат ѕидовите во мојот и домовите на моите двајца синови. Се што ме опкружува ми е тема за пишување, а и за сликање. **Сакам да им оставам на моите два сина и трите внучиња нешто што ќе ги потсетува на мене. Тоа што го носам во себе, сакам да го изнесам, да се ослободам и да не ми тежи** – вели неуорната пензионерка Марија Ѓорѓиоска.

Марија е и член на ДНУ и ДЛУ од Прилеп, активна е во секцијата на жени при ЗП, а член е и на НВО „Преродба”.

Како го постигнува сето ова?

– Се се може, кога се сака – ни рече смеејќи се. За се има време, а сега кога сум пензионер сето ова ме исполнува, ми чини задоволство и ми го прави животот поубав мене и на моите домашни. За книгата „Искри од душата” ја добива првата награда од МТВ во емисијата „Семејна палета”. А во далечната 1974 година. на манифестацијата во Сплит е избрана за „Идеална жена на Македонија”.

**Кирил Ристески**

ЗП Струга

# Промоција на монографијата „Болно“




Природна потреба на човекот е да трага по корените на својот род, да дознае нешто повеќе за своите предци и за своето родно огниште. Оттука произлезе желбата на авторот Кире Србиновски, член на ЗП Струга, да издаде книга за своето родно село Болно, која неодамна им ја претстави на жителите од ова село, во селското училиште.

Покрај поширокиот опис на настаните од Илинденското востание и НОБ, значително внимание авторот и посветува на генеологијата на семејствата што ќе остане како траен документ. Староседелци се фамилиите: Богоевци, Герасовци и Милевци, кои се населиле по течението на реката Болшница, во самиот центар на селото Болно. Покрај ова во книгата се зборува и за печалбарството како традиција чии корени се наоѓаат некаде во средината на 19 век. За ова значајни податоци се прибрани од пензионерот Пеце Богоевски кој живее во Детроит, САД за иселеништвото од Болно во Јужна и Северна Америка. Според Србиновски, селото Болно се гордее и со своите синови кои израснале како херои на времето во кое што живееле, како што е случајот со прославениот револуционер и поет Мите Богоевски, кој во оваа монографија е застапен и со портрет и со неговата поезија.

Во книгата се истакнува дека Болно е во редот на првите села што добија осветлување во 1945 година, а за одбележување е и тоа што тука поминувал патот Виа Игнација. Авторот истакнува дека Болно во минатото било претежно сточарско–поледелско село, а овоштарството започнало да се развива од дваесеттите години.

Во монографијата се поместени и податоци за културно–образовниот живот на селото во минатото и денес, спортот, а поместени се и многу народни обичаи, празнувања и преданија.

**Офелија Богоевска**

Премиера на долгометражниот документарен филм „Сведоци – Канада”

# Сведоци за голготата имаше и меѓу присутните



Во Кинотекатата на Македонија на 10–ти јануари 2014 година повеќе пензионери од Скопје, присуствуваа на **премиерата на** Вториот дел од долгометражниот документарен филм „Сведоци”, кој е автентично сведоштво за тешката судбина и личната драма на децата–бегалци од Граѓанската војна во Грција, кои својот живот го продолжиле во Канада. Филмот е направен по сценарио и во режија на Атанас Чупоски, како потресни искажувања на 93 соговорници – деца–бегалци од Егејска Македонија, за голготата и прогонот од сопственото огниште.

На промоцијата на филмот, за значењето на проектот, говореше министерката за култура Елизабета Канческа – Милевска, која истакна дека сите искажувања на соговорниците (околу 650 животни приказни), како обемна документација наскоро ќе бидат презентирани и во постојаната историска поставка посветена на децата–бегалци од Егејска Македонија, која ќе биде дел од Музејот на Македонија.

Првиот дел од трилогијата содржи 427 интервјуа реализирани во повеќе градови во Македонија и беше прикажан пред македонската јавност во 2012 година. До крајот на годинава се очекува да биде завршен и третиот сегмент кој ќе содржи 128 потресни приказни на Македонците кои денес живеат во Австралија, снимени во текот на 2013 година. До 2016 година ќе се реализираат и интервјуа со децата–бегалци во САД, Чешка, Полска, Албанија и во други земји од Европа.

Сведоци за голготата на децата–бегалци од Егејска Македонија имаше и меѓу присутните пензионери, кои после проекцијата на филмот раскажуваа нивни лични доживувања за прогонот и судбината.

**М.Д.**

# U mbajt punëtori me korrespondentët

Veles - 29.01.2014. Në organizim të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, në fund të muajit të kaluar, në Veles, u mbajt punëtori e cila pati për qëllim edukimin e korrespondentëve nga Maqedonia të cilët shkruajnë në gazetën "Penzioner plus". Në këtë punëtori morën pjesë korrespondentë nga të gjitha shoqatat pensioniste nga



Maqedonia.

Redaktori kryesorë dhe përgjegjës i gazetës, njëherësh edhe nënkryetar i Këshillit ekzekutiv të LShPM **Metodija Toshevski,** pasi i përshëndeti të pranishmit, foli për nevojën e edukimit të korrespondentëve të gazetës "Penzioner plus".

Për Programin për punën e LShPM për vitin 2014, foli **Stanka Trajkova,** sekretare e Këshillit ekzekutiv.

Ndërkaq, kryetari i LShPM **Dragi Argirovski,** foli për Metodologjinë e punës së gazetarit-informata si temë, përmbajtje dhe strukturë.

Në pjesën e fundit të punëtorisë, **Kalina Slivovska-Andonova**, zëvendëse e redaktorit kryesorë dhe **Mendo Dimovski**, redaktor, folën duke demonstruar praktikisht Pranimin dhe dërgimin e porosive përmes shfrytëzimit të kompjuterit dhe internetit.

Që të pesë ligjëruesit në këtë punëtori u përcollën me vëmendje nga korrespondentët e pranishëm.

Në fund u zhvillua diskutim lidhur me temat e mbajtura.

Në këtë takim, ndër të tjera u parashtrua nevoja dhe mundësia e daljes dy herë në javë të gazetë ose së paku të shtohet numri i faqeve të saj.

Në fund, korrespondentët e pranishëm në punëtori, u ndanë me bindje se takimi ishte tejet i dobishëm dhe se si të tilla duhet të praktikohen edhe në të ardhshmen.

**Baki Bakiu**



# Kartela elektronik shëndetësorë

Fondi për sigurim shëndetësor i Maqedonisë apelon tek të gjithë qytetarët të cilët kanë dhënë kërkesë për kartelë shëndetësore elektronike, që të mos vijnë në njësitë rajonale para se të kontrollojnë se a është gati kartela. Për të gjitha informatat lidhur me kartelat shëndetësore elektronike dhe përgatitjen e tyre, mund të informohen në këtë mënyrë:

1. Në numër telefoni pa pagesë 0800 33 222 në periudhën prej 8.30 deri më ora 20 ose në telefonin celularë numër 076 339 180 në periudhën prej 12 deri më ora 20; ose

2. Përmes postës elektronike (e-mail) në këto adresa:
helpdesk@fzo.org.mk ose info@fzo.org.mk, ku nga ana e punëtorëve në Fond do të marrin përgjigje në afat prej 24 orësh; ose,

3. Përmes kontrollimit direkt në internet të statusit të KShE përmes veb faqes të FSShM www.fzo.mk në pjesën "Sigurimi im, mjeku im" https://sigurimi im.fzo.org.mk/.

Kujtojmë se kartela shëndetësore elektronike është zëvendësim i kartonëve të gjelbër. Ata të siguruar të cilët kanë KShE, nuk kanë nevojë që të vijnë në njësitë rajonale dhe të kërkojnë shtypje të kartonëve të gjelbër.

Personat e siguruar të cilët ende nuk kanë dhënë kërkesë për KShE, që të mund t'i marrin kartonët e gjelbër, patjetër duhet të paraqesin kërkesë për të marrë KShE.

# Seminar për kontabilistët

Më 21 janar, në Prilep, për kryetarët dhe kontabilistët e ShP nga e gjithë Maqedonia, në organizim të LShPM, u mbajt seminar për përgatitjen e llogarive përfundimtare për vitin e kaluar.

Fillimisht, të pranishmit i përshëndeti dhe fjalën hyrëse e dha nënkryetari i KE i LShPM, Metodija, Metodija Toshevski, ndërkaq, mysafirët nga të gjitha ShP të Maqedonisë i përshëndeti dhe ju shprehi mirëseardhje, kryetari i ShP të Prilipetit, Kiril /or/ioski. Prezantues për këtë temë ishte m-r Dimitar Todevski, i cili theksoi se në pajtim me dispozitat nga neni 17 i Ligjit për kontabilitet, si organizata jo fitimprurëse, të gjitha ShP janë të obliguara të mbajnë kontabilitet në pajtim me rregullat ligjore për çka ai më gjerësisht foli në më shumë pika në këtë këshillim.

Todevski tha se deri më 28 shkurt të këtij viti duhet të dorëzohen llogaritë përfundimtare të ShP.

- Nuk ka shoqatë e cila nuk duhet të dorëzoi llogari përfundimtare, përveç atyre që kanë të ardhura më të vogla se 2 500 evra në kundërvlerë në denarë, ka thënë Todevski i cili u përqendrua në sqarimin se si sipas ligjit bëhet llogaria përfundimtare, cilët formularë dhe nga ku të furnizohen me ato, deri kur dhe ku të dërgohen. Më pas, ai foli për pranimin e të hyrave dhe të dalave, përcaktimi i pozicioneve të bilancit, pjesët vjetore për çregjistrim të mjeteve afatgjata për organizatat jofitimprurëse. Ai, gjatë prezantimit posaçërisht u ndal në përllogaritjen e mjeteve të huazuara afatgjate, pastaj për bërjen e llogarisë përfundimtare, llogaritjen e amortizimit për vitin 2013, regjistrimin e mjeteve për të njëjtin vit etj. Më në fund, nga të pranishmit u parashtruan disa pyetje për të cilat u dhanë përgjigjet e duhura.



Në këtë takim të kryetarëve dhe kontabilistëve u bë promovimi i Rregullores-doracaku për kontabilitet për ShP dhe LShPM, autor i të cilit është Dimitar Todevski.

**K. Risteski**

# Pensionistët kërçovarë pritën Vitin e Ri 2014

Në lokalet e ShP të Kërçovës vlon si në zgjoje bletësh. Numër i madh pensionistësh e vizitojnë shoqatën, i paguajnë këstet e fundit të druve për ngrohje, ndërkaq interesimi për sigurimin me dru për vitin 2014 është i madh.

Aktivi i pensionistëve, sipas programit për vitin 2013, mblodhi veshje për fëmijë dhe për të rritur e cila në bashkëpunim me Kryqin e Kuq, i është dhuruar Entit të fëmijëve me nevojë në Demir Kapi dhe bashkatdhetarëve tanë në komunën Pustec në Shqipërinë fqinje.

Me rastin e Vitit të Ri, drejtuesit e ShP Kërçovë, bashkërisht me Aktivin e pensionisteve, nëpër shtëpitë e tyre vizituan numër të madh të pensionistëve dhe pensionisteve pleq dhe të sëmur me ç'rast ju ndanë dhurata modeste për vitin e Ri, si dhe kalendar prej Shoqatës për vitin 2014.



Kështu, të bashkuar mbi 60 pensionist dhe pensioniste e pritën Vitin e Ri 2014 në lokalet e hotelit Kërçovë, duke uruar Vitin e Ri me dëshirë dhe urim të vetëm deri tek të gjithë pensionistët në Republikën e Maqedonisë për shëndet të mirë dhe jetë të gjatë.

Pensionistët kërçovarë me kënaqësi sollën edhe vendimin që kështu të bashkuar ta presin edhe vitin e vjetër të Ri Vasilica.

**A. Ristoska**

Pensionisti-bletarë Jonuz Mahmuti nga Ozurmishti i Tetovës

# Rekorder në prodhimin e produkteve të bletëve

Pensionisti Jonuz Mahmuti jeton në fshatin e tij të lindjes Ozurmisht, i cili gjendet jo larg nga bregu i majtë i lumit Vardar. Për vendlindjen e tij është i njohur si arsimtar, ndërkaq, në regjionin më të gjerë, është i afirmuar si bletar. Sikur të merrej pension edhe nga puna si bletar, Jonuzi do ta kishte fituar, sepse më se 42 vite merret me bletari.

"Bletët janë preokupimi ynë familjar. Unë isha shumë i ri kur fillova të përcjell babën tim se si merret me këtë punë, ndërkaq, nga viti 1972 edhe unë të merrem me bletari. Fillova me 10-të familje bletësh, kurse sot kam arrit mbi 160. Zhvillimin në bletari e arrita duke lexuar literaturë dhe duke shkëmbyer mendime dhe përvoja me më shumë bletarë të njohur në rrethinën e Tetovës", tha bashkë biseduesi ynë. Jonuz Mahmuti tha se pozita e fshatit të tij mundëson zhvillim të bletarisë. Gjendet afër malit Zheden, i cili, siç sqaron Jonuzi, është i pasur me bimë të ndryshme, ku bletët mbledhin kualitet shumë të mirë të mjaltit.



Megjithatë, Jonuzi arrin rekorde në prodhimin e propolisit dhe dyllit të bletëve. "Propolisi është antibiotik i natyrshëm dhe nuk shkakton asnjë dëm për organizmin. Përkundrazi, ndihmon shumë si bar për sëmundje të lëkurës, të djegura dhe shumë sëmundjeve tjera, ndërkaq është shumë i kërkuar edhe në prodhimtarinë kozmetike. Katër-pesë herë në vit mbledh propolis të cilin e plasojë jo vetëm në vendin tonë, por edhe në Shqipërinë dhe Kosovën fqinje. Prodhoj edhe dyllin e bletëve shumë i nevojshëm në kozmetikë", tha pensionisti dhe bletari nga Ozurmishti.

Jonuz Mahmuti ka prodhime të ndryshme të bletëve. Mjalti i tij është i kualitetit të lartë dhe është shumë i kërkuar nga konsumatorët. Jonuzi, nga një familje bletësh fiton në vit prej 15 deri më 20 kilogram. Prodhon edhe pluhur të polenit, ëma dhe bërthamë. E vetmja është që nuk ka arrit të prodhoj matiçen mleç dhe helm bletësh sepse ajo sipas tij, kërkon kujdes të veçantë dhe angazhim të madh.

Suksesin në bletari Jonuzi e shikon në përkushtimin e tij të madh. "Unë shoqërohem me bletët. Pandërprerë jam me ata. Ata më shoqërojnë dhe e dinë se jam miku i tyre. Do të merrem me bletari deri sa të mundem që t'i shërbej. Nuk mund të kalojë ditë, e të mos i vizitojë të gjitha familjet e bletëve. Deri tek pemëtarët kam një porosi: bletët janë pluhurosurit më të mirë dhe më të mëdhenj. Gjatë lulëzimit të pemëve, të mos i stërpikin me insekticide të cilat i helmojnë bletët sepse ashtu dëmtojnë edhe veten edhe bletarët", tha Jonuz Mahmuti.

**S. Dimoski**

# Gratë pensioniste zgjerojnë aktivitetet në Dibër

Dibër, dhjetor - Në themelimin e Aktivit të gruas pensioniste në Dibër në viti 2006, ishin aktive vetëm disa gra, por sot në këtë Aktiv, anëtare janë rreth 100. Aktivitetet e pensionisteve janë të shumta dhe ky Aktiv është prezent në të gjithë manifestimet lokale, rajonale dhe qendrore që mbahen në vend.



Kryetarja e Aktivit Marionka Ushtelenca në takimin e fund vitit në tubimin që u mbajt me të gjithë gratë anëtare, tha se sot gratë pensioniste luajnë një rol të madh në integrimin dhe socializimin e tyre në shoqëri. Ky Aktiv i cili punon në kuadër të shoqatës të pensionistëve Dibër-Qendër Zhupë, jep një kontribut të madh edhe në drejtim të emancipimit të gruas pensioniste dhe gruas të moshës së tretë. Me aktivitetet tona programore tha Ushtelenca, faktikisht mundësojmë shoqërimin e grave pensioniste pa marrë parasysh etnitetin apo fenë e tyre. Dibra nëpërmjet këtij Aktivi në mënyrë dinjitoze prezantohet në aktivitete në lidhje me bashkëpunimin e Aktiveve si motra në vend dhe më gjerë.

Në takimin e grave pensioniste të Dibrës që u mbajt me rastin e Vitit të Ri veçmas u theksua fakti se shoqërimi i tyre ka efekte edhe në lidhjet miqësore që ata pastaj i vazhdojnë mes tyre edhe në jetën private.

Semie Opre, pensioniste aktive thotë se aktivitetet e gruas pensioniste gjithmonë japin mundësi që të zgjeroj shoqërinë e saj me moshataret që janë në Aktiv. Këto takime na mundësojnë që të tejkalojmë monotonin që kemi në moshën e tretë, shton ajo. Po ashtu ajo shton se ekskursionet në vend dhe jashtë që organizohen nga shoqata e pensionistëve arrijnë efekte të mëdha. Ne na duhet shoqërim dhe relaksim.

Magbule Pahumi është një pensioniste e cila po ashtu është shumë aktive në këtë shoqatë. Ajo vlerëson lartë takimet e pensionisteve dhe shton se këto aktivitete të Aktivit të gruas pensioniste janë për tu përshëndetur. Vet fakti se shtohet numri i pensionisteve që marrin pjesë në aktivitete të Aktivit, flet qartë për domethënien e organizimit të grave pensioniste.

Aktivi i gruas pensioniste është i bindur se gjatë vitit të ardhshëm do të tejkaloj problemin e lokaleve me të cilët sigurisht do të realizojë aktivitete edhe më të shumta.

**Vjollca Sadiku**

Shoqata e pensionistëve të komunës Saraj

# Formohet Aktivi i grave pensioniste

Kohë më parë, në Shoqatën e pensionistëve të komunës Saraj, u formua Aktivi i grave pensioniste. Kjo ishte dëshirë e kamotshme e grave pensioniste në këtë shoqatë, por për arsye objektive dhe subjektive nuk ka pasur mundësi deri më tani të formohet.



Në takimin zgjedhor që u mbajtë në selinë e shoqatës, morën pjesë një numër konsiderueshëm i grave pensioniste. Pas një diskutimi ata njëzërit zgjodhën drejtueset e Aktivit të grave pensioniste.

Në këtë takim zgjedhor, për kryetare të aktivit të grave pensioniste u zgjodhë **Zilfije Ramadani**, për nënkryetare **Sllobodanka Deçkova**, ndërkaq për sekretare **Javorka Ristevska**.

Pas zgjedhjes, kryetarja falënderoi për besimin që ju dha dhe premtoi se me përkrahjen e të gjithëve do të angazhohet maksimalisht për rezultate. Të zgjedhurat premtuan se do të bashkëpunojnë me të gjitha gratë në kuadër të Shoqatës, do të komunikojnë edhe me Aktive të grave pensioniste nga shoqata të tjera dhe se së shpejti do të përgatisin Programin për aktivitetet e Aktivit të grave për vitin 2014.

Shoqata e pensionistëve e komunës Saraj, mbetet në pritje të rezultateve të këtij Aktivi të grave të formuar në kuadër të kësaj shoqate.

**Baki Bakiu**

**Faqen e redaktoi Baki Bakiu**

# Наскоро инсулински таблети





Во целиот свет околу 350 милиони луѓе боледуваат од шеќерна болест, а се предвидува дека до 2030. година оваа брјка ќе биде половина милијарда. И додека најчест облик на дијабетес е дијабетес од типот 2 за кој најчесто не треба да се користат инекции на инсулин, речиси една четвртина од сите овие болни користат третман со инекции. Проценките велат дека годишната заработувачка од продажба на таблети на инсулин би изнесувала меѓу 8 и 17 милијарди долари, што воопшто не е малку.

Според истражувачите, предноста на инсулинските таблете не е само нивната едноставност при употреба. Оваа таблета всушност му овозможува на пациентот да почне да зема инсулин во рана фаза на болеста, со што би се намалиле некои секундарни компликации како што е губење на видот, непотполно заздравување на рани и друго.

Идејата за орално земање на инсулин постоела уште од 1930. година, но потешкотиите да се направи една ваква таблета биле големи. Причините биле во тоа што инсулинот е протеин кој во контакт со ензимите од желудникот брзо се уништува, а и ако помине низ желудникот оваа молекула е многу голема, 30 пати е поголема од молекулот на аспиринот, па затоа не може да биде лесно апсорбирана за да го намали нивото на шеќерот во крвта.

Yanyog Jain и неговите колеги од индискиот Институт за фармацевстки истражувања на ова работеле долги години. Нивниот прв успешен обид бил реализиран во 2012. година кога создале инсулинска таблетка за стаорци, но истата била многу скапа.

Во написот објавен во списанието Biomacromolecules истите научници велат дека пронашле посигурен начин за дотур на инсулин во крвотокот. Тие го спакувале инсулинот во минијатурни вреќички од липиди (масти) додавајќи им фолна киселина (витамин Б9) со цел да ја зголемат апсорпцијата на инсулинот. Липидите не се скапи, го штитат инсулинот од желудичната киселина и ензимите од тенкото црево, а веќе се користени и кај други лекови.

Но најважниот дел, тестирање на луѓе, дури сега треба да започне, а за тоа се потребни доста финансиски средства. Како и да е, дневните дози на инсулински инекции кои се болна реалност за многу луѓе кои боледуваат од дијабетес, наскоро би можела да биде минато ако научниците кои успешно теститале орален инсулин на стаорци ќе добијат исти резултати и при тестирање на луѓе.

**М. Дамјаноска**

# Брусница - природен антибиотик



Брусницата, ситната бобинка која се уште не е многу позната на нашите простори, според сите критериуми, е една од најздравите видови храна. Таа има цела палета својства кои се од голема корист за здравјето. Научниците интензивно работат на откривање на се повеќе карактеристики на ова црвено овошје кое потекнува од Северна Америка, како и на лековитите тајни во неговиот хемиски состав.

Тие сметаат дека уште американските Индијанци ја користеле брусницата како лек. Ги мешале брусниците со пченкарно брашно, а потоа смесата ја ставале на рани за да го спречат труењето на крвта. Од брусниците подготвувале и јадење кое го нарекле пимецан – сушено и иситнето месо или риба го мешале со маст и брусници и од таа смеса меселе погачи кои ги сушеле на сонце. Во текот на долгите зими овие погачи претставувале богат извор на протеини и витамини, бидејќи брусниците бавно се расипуваат затоа што содржат пектин. Бидејќи се богати со витамин Ц, морепловците на кои им се заканувала опасност од скорбут, во минатото имале обичај на своите долги патувања да понесат бочви полни со брусница. Според легендата, Индијанците во 1621 година им донеле брусници на доселениците кога за првпат биле на прославата на Денот на благодарноста, која ја подготвил Вилијам Братфорд, управник на доселеничката колонија во Плимут.

Покрај витамините А и Ц, калиум и растителни влакна, брусницата е особено богата и со разновидни заштитни материи, како што се биофлавоноидите. Тие имаат силно антиоксидативно дејство со кое го смалуваат ризикот од појава на малигни заболувања. Антиоксидантите помагааат и при превенција од кардиоваскуларни заболувања, додека хилаурната киселина претставува природен антибиотик со нагласено антимикотично дејство. Присуството на антоцијаниди и проантицијаниди помага за обновување на клетките одговорни за видот. Брусницата содржи исклучително мали количества шеќер, така што ефикасно го намалува нивото на гликоза во крвта, а тоа им годи на дијабетичарите. Со научни истражувања е докажано дека три чаши сок од брусница дневно го зголемуваат нивото на антиоксиданси во плазмата за над 120 проценти. Брусницата го зголемува и нивото на добриот холестерол (ХДЛ) во крвта, со што ризикот од болести на срцето и крвните садови се намалува за околу 40 проценти. Американскиот национален институт за здравје финансира истражувања со кои ќе се верификуваат ваквите својства на брусницата, како и другите позитивни карактеристики на ова киселкасто овошје.

Сокот и чајот од плодови на брусница, како и од нејзините листови, им се препорачуваат на деца и постари лица за зајакнување на одбранбените механизми на организмот. Научните откритија покажале дека кондензираните танини во брусницата го спречуваат влегувањето на бактерии во уринарниот тракт, бешиката и бубрезите, а сокот и чајот од брусница го спречуваат развојот на штетни микроорганизми. Со научни испитувања е докажана ефикасноста на брусницата во лекувањето на ваквите инфекции, но дури неодамна е утврдено како таа делува. Во истражувањето чија цел било да се расветли делувањето на хемиските состојки на брусницата на молекуларна основа, проф. д-р Тери Камесано од Институтот Ворчестер во сојузната држава Масачусетс открила хемиска комбинација која ја менува структурата на бактеријата escherichia colli, главниот причинител на инфекциите во уринарниот тракт. Брусницата го спречува врзувањето на оваа бактерија за бубрежните клетки и клетките на мочните канали.

Таа е ефикасна и во одбрана на организмот од штетните ефекти на слободните радикали бидејќи содржи антиоксиданси. Активните состојки во брусницата го смалуваат бројот на бактериите во усната празнина и со тоа го спречуваат создавањето на забните наслаги, главниот причинител на воспаление на гингивите.

Брусницата е богата со флавоноиди кои многу придонесуваат за заштита од артеросклероза, а делуваат превентивно и против појавата на срцеви заболувања. Многубројните истражувања потврдуваат дека брусницата е природен антибиотик, ја смалува гликозата во крвта, помага во обновата на клетките кои се задолжени за видот, ефикасна е за нормализација на функциите на црниот дроб и бубрезите.

Придонесот на брусницата за нашето здравје е навистина голем, а влијанието на различни други здравствени проблеми е такво, што со право можеме да ја сметаме за природен антибиотик.

**З. Кацеска**

# Шест здравствени грешки што ги прават луѓе

Колку и да следиме совети за чување на здравјето, секој од нас намерно или ненамерно прави мали здравствени грешки кои можат многу да нè чинат. Магазинот Marie Claire направи листа на шестте најчести здравствени грешки што ги прават луѓето како и совети за нивно избегнување.

**ГРЕШКА 1: Не барање второ мислење од лекар**

Консултација со лекар различен од оној кој ви ја поставил дијагнозата е важно од причина што второто мислење може да ви даде алтернативен метод на лекување или пак да ја поправи погрешната дијагноза. РЕШЕНИЕ: По првата дијагноза, замолете ги најблиските да ви препорачаат некој искусен лекар од друга клиника или ординација.

**ГРЕШКА 2: Откажување од антидепресиви на своја рака**

Можеби се чувствувате повторно добро, но „прекинување“ на ваквата терапија на своја рака може да ви донесе непријатни симптоми како што е лошење, мачнина, несоница и меланхолично расположение една недела по прекување на земање на таблетите. РЕШЕНИЕ: Не се откажувајте. Ако се чувствуате подобро тоа значи дека терапијата делува. Ако морате да ја прекинете, консулирајте се со вашиот лекар и постепено намалувајте ја дозата. Ако повторно станете депресивни, ќе може без несакани ефекти да се вратите на целосната доза.

**ГРЕШКА 3: Избегнување на контролен преглед**

Стравот и неудобноста спречуваат од 30 до 50 проценти од луѓето да направат контролен лекарски преглед. Во ова предначат мажите! Но откривање на ракот во рана фаза ги зголемува шансите за преживување на 92 проценти. РЕШЕНИЕ: Веднаш појдете на лекар. Не мислете секогаш на најлошото, можеби се работи за необични ќелии кои се откриваат со дополнителни тестови. Ако резултатите се негативни, продолжете со редовните годишни проверки.

**ГРЕШКА 4: Земање дупла доза парацетамол**

Земањето поголема доза од наведената за да „помине болката побрзо” е честа грешка, особено кај парацетамолот кој се смета за безопасна таблета. Земањето зголемена доза го оштетува црниот дроб и е причина за смрт кај голем број луѓе. РЕШЕНИЕ: Ако рецептот вели 500 милиграми на секој 4–6 часа, почитувајте го напишаното. И не го мешајте парацетамолот со други лекови, бидејќи речиси сите кои се за настинка, грип, синуси содржат парацетамол.

**ГРЕШКА 5: Претерување со алкохолот**

Еден пијалак дневно го чува здравјето на срцето, но пречекорување на оваа доза не значи и поголемо здравје. Според истражувањата на Универзитетот во Бафало, доволно е еднаш месечно да се испијаните за три пати да го зголемите ризикот за срцева болест.

РЕШЕНИЕ: Оставете го виното за вечерата. Така храната ќе го абсорбира алкохолот и нема да се испијаните.

**З.Кацеска**

# Опаѓање на косата

Губењето на косата е актуелен проблем за повеќето луѓе на оваа планета.

Според статистиките, губењето на косата се јавува кај 70% мажи. Се смета дека кај жените алопецијата е многу поретка состојба, но статистиките покажуваат дека околу 30% на жени се соочуваат со губење на косата порано или подоцна во животот. За среќа, кај жените губењето на косата обично не завршува со потполна келавост, како што е случај кај мажите.

Инаку причината за опаѓање на косата се уште не е потполно разјаснета, но лекарите се сложуваат дека има повеќе причинители, како што се: стрес, анемија, генетика, болести на штитната жлезда, хормонски пореметувања, менопауза, гливични заболувања и друго, а кај жените најголеми „виновници” се сметаат стресот, анемијата и менопаузата. Кај мажите пак, за губитокот на косата највиновни се гените и хормоните велат истражувачите.

Губењето на косата исто така може да биде причинета од гливични заболувања, кои можат да се појават во косата. Косата може да паѓа и поради хемотерапија и некои други лекови.

Лечење н алопецијa може да биде со конвенционална, но и со алтернативна медицина, иако поголем број на истражувачи велат дека алопецијата не може да се излечи, но може да се ублажи.

На пазарот има мноштво на производи против паѓање на косата, за кои се тврди дека ќе ја спречат алопецијата, дури и ќе ја вратат изгубената коса. За жал, понекогаш рекламите го преувеличуваат делувањето на производите. Нема сомнение, дека инстант решение нема и дека за лечење на алопеција е потребно време и стрпливост.

Постојат препарати кои се доста деловорни, но нивниот недостаток е во тоа, што се многу скапи, а можат да имаат и сериозни нуспојави. Затоа кога ќе се набави некој препарат треба добро да се проучи упатството.

Заради овие причини се повеќе луѓе бараат природни начини за лечење на алопеција. Алтернативната медицина нуди неколку начини на решавање на овој проблем, иако и овде треба да се напомене дека ниедна метода не дава брз резултат. Невозможно е да се окелави за еден ден. Слично на тоа, потребно е подолго време, косата да почне повторно да расте. Резултатите од терапијата обично се гледаат после неколку месеци, па затоа треба да се биде упорен. При тоа треба да се напомене дека опаѓањето на косата е поврзано и со исхраната и здравјето на целиот организам, бидејќи се во нашиот организам е меѓусебно поврзано, па поради тоа, здравјето на косата зависи од здравјето на целиот организам. Ако имате проблем со паѓање на косата, алтернативната медицина препорачува да се подобри исхраната, да се заборават лошите навики, да се намали стресот и што подолго да се престојува на чист и свеж воздух.

Квалитетната исхрана е многу битна. За да се спречи опаѓањето на косата од било која причина, потребно е да го зголемиме внесот на овоштие, зеленчук и свежи сокови. Посебно се препорачуваат зелените кашести сокови.

Постојат доста домашни рецепти, кои можат значајно да ја подобрат состојбата на косата, а при тоа не се многу скапи. Еве некои од нив:

**Коприва -** Сигурно сте слушнале за делотворното влијание на копривата на косата. Третманот со коприва е најдоброто, што можете да го направите за својата коса и вопшто не е скап.
**Етерични масла -** Масирајте го скалпот со мешавина на етерични масла (мајчина душица, рузмарин или лаванда еднаш дневно.

**Сок од црвен кромид - С**ок од кромид треба да се втрива на скалпот два пати на ден. Резултатот се гледа после 4–6 седмици.

**Комбуха печурка - Ч**ајот од Комбуха е многу лековит, а делува и против паѓањето на косата.

**Т.Г.**

# Конкурс за поддршка на културни манифестации и издавачка дејност на здруженијата

И оваа година ИО на СЗПМ објавуваува конкурс за поддршка на културни манифестации и издавачка дејност на пензионери и здруженија на пензионери, членки на СЗПМ.

За оваа цел формирана е комисија од пет члена која по објавениот конкурс ќе предложи проекти на ИО, кои заслужуваат да добијат средства за делумна финансиска поддршка.

Конкурсот трае од 17 февруари до 17 март 2014 година. На конкурсот можат да конкурираат поединци, групи и цели здруженија. Вид на проекти: концерти, театарски претстави, изложби, издавање на книги и друго. Резултатите ќе бидат објавени во мајското издание на весникот „Пензионер плус” 2014 година. Предметите со кои се конкурира треба да бидат доставени во архивата на СЗПМ или по пошта на адреса:

**Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија.**
**ул. 12 Ударна бригада бр 2 (зграда на Сојуз на Синдикати на Македонија (петти кат). П. Фах 440**

Со назнака на ковертот:

**„За конкурсот за поддршка на културни манифестации и издавачка дејност”.**

**СЗПМ**

# Како до подобро здравје во зимскиот период

Овој период од годината е карактеристичен со нашите лоши навики во исхраната и стилот на живот од повеќе аспекти. Се консумираат поголеми количини на храна во еден оброк, се внесува масна храна и алкохолни пијалаци, се претерува со слатките и газираните пијалаци и слично. **Македонскиот институт за јавно здравје подготви правилник за здрава исхрана во текот на зимскиот период:**

- Да се почитува принципот на умереност во количината на храната која се консумира (постепено организмот да се навикнува на мали количини на храна)
- Редовно да се земаат три главни оброци во денот и секогаш да се почнува со појадок
- За ужина да се одбере само овошје и зеленчук
- Јадењата да бидат чорбести, подготвени со многу малку додадени растителни масла и готварска сол.
- Да се консумира леб подготвен од интегрално брашно
- Да се одбира млеко и млечни производи со намалени масти и сол
- Да се одбира посно месо и почесто да се јаде риба
- Грав, леќа и боранија да се консумира често и тоа во вид на чорбесто јадење
- . Да се одбегнуваат газираните пијалаци, сокови со шеќер и алкохолни пијалаци
- Да се консумира умерено солена туршија
- Да се пијат млаки чаеви и компоти без шеќер
- Од јаткастото овошје може да се консумираат бадеми, ореви или лешници без сол (по 5–6 јатки секој ден)

**Најдобра храна за зимските денови:**

Храната која освежува и дава сила е идеална за студените месеци кои ни претстојуваат. Погледнете список на продукти кои се богати со витамини и антиоксиданси.

Калинка – Калинката спречува воспаленија.

Прокељ – Скинете ги најгорниот слој листови од главицата прокељ, пресечете го на половина, прелијте го со маслиново масло и зачинете со малку морска сол. Прокељот е одличен извор на антиоксиданси.

Цитрони – Грејпрутот содржи флаванони, вид антиоксиданси за кои се покажало дека го спречуваат ширењето на разни болести.

Цвекло - Цвеклото го јакне имунитетот, а и ефтино е.

Покрај исхраната исто така многу е битна и физичката активност, која обезбрдува јаки мускули и коски, нешта многу битни за зимскиот период кога се е замрзнато и лизгаво и многу често се случуваат скршеници особено кај постарата популација. **З.К.**

www.ttk.com.mk

# ПОВОЛНОСТИ за пензионери во ТТК Банка



## ПЕНЗИЈА

- **БРЗА УСЛУГА** во сите филијали/експозитури
- Дозволено пречекорување до 2 пензии
- VISA ELECTRON картичка која се издава на период од три години

## КРЕДИТИ

- **БЕЗ ПРОВИЗИЈА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ! *промотивно до: 20.02.2014**
- **НАЈНИСКИ каматни стапки** за ненаменски потрошувачки кредити
  - 7,5% променлива за кредити со рок на отплата до 12 месеци
  - 9,5% променлива за кредити со рок на отплата до 84 месеци
- 70 години, возраст при доспевање на последниот ануитет од кредитот
- месечниот ануитет треба да се покрие со 1/2 од пензијата

## ШТЕДЕЊЕ

- Поволни каматни стапки за депозити во сите валути
- **НАЈПОВОЛНИ** каматни стапки за штедење за вашите најмили - ДЕТСКО ШТЕДЕЊЕ

ТТК БАНКА
Кога сакаш повеќе!

*ПРИМЕР (октомври 2013)
За клиенти со пензија во ТТК Банка, за кредит од 150.000 денари со рок на отплата од 60 месеци, со 9,5% годишна прилагодлива каматна стапка, ратата изнесува 3.150 денари. СВТ изнесува 11,40% годишно. Надоместокот за одобрување на кредитот изнесува 2,5% мин. 2.000 денари, а надоместокот за администрирање на кредитот изнесува 0,2% на остатокот од долгот (годишно, однапред на главниот долг на кредитот). Вкупниот износ за плаќање изнесува 193.733 денари.
*Трошоци кои не се опфатени во пресметката на СВТ и се/ или не се познати за Банката*- надоместок за обработка на барање за кредитот 300 денари; трошок за меница 200 денари; за кредити над 400.000 денари клиентот треба договорот за кредит да го завери на нотар за што следуваат нотарски трошоци кои зависат од износот на кредитот.

ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
НА СТАРИ ЛИЦА

ХОТЕЛ
Идила









**тел. за контакт 02 2666 113 078 366 116**
**Адреса: Ул. Призренска бр. 50/2,**
**Кучевишка бара, 1000 Скопје**
**www. idila.mk**

Хотел Идила е нова приватна установа за социјална заштита на стари лица. Лоциран е на 8 км од центарот на Скопје, во природно зелено опкружување и панорамски поглед кон градот.

Имено, Хотел Идила располага со 38 соби и 5 апартмани, сите опремени со ТВ приемник и индивидуален тоалет со туш. Покрај современо опремените соби и апартмани, Хотел Идила располага и со комфорен дневен престој и трпезарија од 150 м$^2$, рецепција со приемен дел за посета на гости, кујна и административни простории.

Прекрасната нова зграда во класичен стил е надополнета со 5000 м$^2$ хортикултурно уреден двор. Овој простор е распределен на:

- Неверојатна градина со фонтана и клупи,
- Цвеќе и зеленило,
- Просторно шеталиште,
- Овоштарник,
- Мала зоолошка градина,
- Паркинг простор.

Ние овозможуваме нашите гости да уживаат во своите пензионерски денови исполнети со исклучителна услуга од учтив и љубезен персонал. Грижа за хигиената во домот, пазарување во маркетите, готвење на храна, чиста и пеглана облека... Сето тоа сега е наша грижа.

Заеднички пикник во градината, додека нашиот готвач се грижи за скарата да биде свежа, квалитетна и топла, е слика што во Хотел Идила често се гледа.

Едно е сигурно, во Хотел Идила никогаш нема да бидете осамени, а на чувството на здодевност сигурно и ќе заборавите.

Посветеноста на здравјето кај повозрасните лица никогаш не било поважно. Затоа ние се трудиме да водиме постојана грижа за главните медицински индикатори кои посочуваат кон одреден здравствен проблем.

Сето ова го прави Хотел Идила еден посебен комплекс со иновативен дух и предиспозиции за совршен сместувачки капацитет за лица во златната доба.

Едноставно, Хотел Идила го знае сонот на секој пензионер!




## АФОРИЗМИ ЗА ЖЕНАТА

Куќа без жена е како воденица без вода.

Зад секој успешен маж, стои жена.

Умот на жената е најчесто во нејзината убавина, а убавината на мажот во неговиот ум.

Шармот на жената е составен од илузии.

Дали е жената слаба? Не! Да те однесат до гробот треба шест мажи, а тоа лесно го прави и само една жена.

За да ја запознаеш една жена треба време.

Мажот не може да ја сака жената што не ја почитува.

На цена се мажи кои имаат иднина и жени кои имаат минато.

Мажите сакаат на жената да и бидат прва љубов, а жените сакат мажите да им бидат последна љубов.

Кога очите на жената се заматени од солзи, мажот е тој што не гледа добро.

Саканата жена е вечно млада.

Не е добро ако жената е млада, а не е убава, ниту е добро ако е убава, ама не е млада.

Најголемата моќ на водата е во солзите на жената.

Успешен маж е оној кој си има жена, пород, засадил барем едно дрво и напишал книга или направил добро хумано дело.

Човекот можат да го сменат само две работи: пари и жена.

Најдобра е онаа жена која слушајќи умее да победува.

Паметната жена постапува со мажот како ковачот со железото: прво го загрева, па потоа го обликува по свој вкус и желба.

Секоја жена е актерка, што помалку се забележува тоа е и подобра.

До осумнаесеттата на жената и се потребни добри родители, до четириесеттата добар изглед, до педесетата добра кариера и капитал, а после шеесетата добро здравје и почитување.

Годините не се важни: жената е прекрасна во дваесеттата, шармантна во четириесеттата и неодолива во останатиот дел од животот.

На државата не и должи, не се дружи со лоши луѓе и не и ги кажувај своите тајни на жената.

Жената простува, но не заборава, мажот заборава и кога не простил.

Жената за мажот прво е познаничка, потоа љубовница и на крај добра пријателка.

На неженетиот секаде му е лошо, на женетиот само дома.

Добрата жена е најголемо богатство на мажот, зошто мажот да носи со вреќи, а жената да изнесува со игла ќе бидат вечни сиромаси.

Мажите се делат на добри и лоши. Добри се оние кои нивните жени ги трпат, останатите се лоши.

Сите мажи ги сакаат жените – особено туѓите.

## КРСТОЗБОР



| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | СКАНДИ | ИМЕТО НА НАШАТА МАНЕКЕНКА ЦРНОКРАК (ФОТОС) | АМАДЕО АВОГАДРО | ЖЕНСКО ИМЕ (ЕДИТА) | СКАНДИ | СУЛФУР | ИНИЦ. НА АРТИСТОТ ОЛИВИЕ | ФРАН. ФУДБАЛСКИ СТРУЧЊАК МИШЕЛ | ИНДИЈАНСКО ПЛЕМЕ ВО Ј. АФРИКА | КИБЕЛИН, СВЕШТЕНИК | ЕДЕН ХОРОСКОПСКИ ЗНАК |
| | | | | | ГРАДАЦИЈА НА МОТОРНОТО МАСЛО | | | | ЛИКОВЕН УМЕТНИК / КРАТ. ГОДИНА ПР.Н.Е | | | | | | |
| | | | | | БРАЗДА | | | | | ГЕРМ. ЖЕНСКО ИМЕ / “КАЛОРИЈА“ | | | | | |
| | | | | | ЕНЕРГИЈА | | КРАТ. ГОДИНА ПР.Е.Н. / ФР. ВИОЛИНИСТ ЖАК | | | | ЈАСЕН, ОТВОРЕН / ОРТОМАР | | | | |
| | | | | | ИНИЦ. НА АРТИСКАТА ТОД | | | ОТКРИВАЧОТ НА ХАРТИЈАТА / АЛБЕРТ АЈНШТАЈН | | | | | | | ЛИК ОД СТАРИОТ ЕГИПЕТ |
| | | | | | ИТАЛ. ЖЕНСКО ИМЕ | | | | НЕВИСТИНА / СФЕРОЛОГИЈА | | | | | АЛТ / ИТАЛ. РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА | |
| | | | | | ЕДИН. ЗА МЕРЕЊЕ БИСЕРИ ВО ПЕРСИЈА | | | | | ПЕЈАЧОТ ДАСЕН / РЕЗУЛТАТ ОД НЕКОЈА РАБОТА | | | ИНИЦ. НА АРТИСТОТ НАВАРА / БИБЛИСКО ПЛЕМЕ | | |
| СКАНДИ | ВИД АЛВА | ОСТРОВ ВО ЈАДРАН | Ш. | МЕСТО НА ДУНАВ ВО ЧЕШКА | НОБЕЛИУМ / ЖЕНСКО ИМЕ НА ГАЛЕНО | | | ЕЗЕРО ВО АРГЕНТИНА / ЕДНА МУЗИЧКА НОТА | | | | КРАЛ НА ЕГИНА / ЕМИЛИЈА АНДРЕЕВА | | | |
| ШТАМА. МОЛК | | | | | | | ПРИПЕВ (МН.) / ГАСТОН РАМОН | | | | | | | | КОМАНДА |
| АНИ ЖИРАРДО | | | ЖАК АРТИН / ВИД ЈАДЕЊЕ (МН.) | | | М. ИМЕ (ГЕРАСИМ) / ГРУБО ПЛАТНО | | | | | А.А. / ЈАПОНСКИ БОРЕЧКИ СПОРТ | | | АЗОТ / НАТРИУМ | |
| АМПЕР | | ВИД ЗАНАЕТЧИЈА / НАШ АРТИСТ ДИМЕ | | | | | | ГРАД ВО ПЕРУ / ПОРТ. ПИСАТЕЛ ХОСЕ МАРИЈА | | | | БОЈА ЗА КОСА / ХОКЕАРСКА ПЛОЧКА | | | |
| БЕЛГРАДСКО СПИСАНИЕ | | | | АБЕБЕ БЕКИЛА / КОНФ. ЗА ЕВРОПСКА СОРАБОТ. | | | ОДПЕЧАТОК ОД ОБРАБОТЕН КАМЕН / ПАЃАЊЕ | | | | | | АНРИ РАБО / СЕНКА, ЛАДОВИНА | | |
| АНГЛИСКО МАШКО ИМЕ | | | | | ЗАЛАК / АРТИСКАТА РОМАН | | | | | РАСКВАСЕНА ЗЕМЈА / ЛАНЕЦ ХОТЕЛИ | | | | ЕНЕРГИЈА / ОПШИЕН КРАЈ НА ОБЛЕКА | |
| ИДЕН ВОДАЧ | | | | | | АМАДЕО АВОГАДРО / ЖАК АРТИН | | | СТРАНСКО М. ИМЕ / АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | | | | | | |
| СТАРОТО ИМЕ НА ЌУСТЕНДИЛ | | | | | | | | МУСЛИМАНСКО МАШКО ИМЕ / РАДИУС | | | | ВИД ЛИСТОПАДНО ДРВО / СУЛФУР | | | |
| “ПОВИДУВАЊЕ“ | | | | | | | ГРЧКИ ПОЕТ, ЈАНИС | | | | | | БАРИУМ | | |

## Хумор

Двајца пријатели пиеле во биртија. Едниот го прашал другиот:

– Зошто ги затвораш очите кога пиеш?

– Докторот ми рече дека не смеам ни да погледнам алкохол.

* * *

Што е среќа во несреќа?

– Кога ќе те згази возило на брза помош. Веднаш те носат во болница.

* * *

– Мажу, мислам дека карбураторот се наполни со вода.

– Знаеш ли ти воопшто каде се наоѓа карбураторот?

– Па знам, во автомобилот.

– А каде е автомобилот?

– Во езерото.

* * *

Мамо, мамо, дедо пак е пијан!

– Од кај знаеш бе сине?

– Ене го, пак го бричи огледалото.

* * *

Корисен нутриционистички совет:

– Ако се плашите дека ќе се здебелите, пред оброк испијте чашка ракија. Ракијата го отстранува чувството на страв.

* * *

Разговараат вереница, љубовница и домаќинка за секс, и се договараат да облечат црна секси облека за секоја да го изненади својот партнер. По некое време се среќаваат за да пренесат импресии:

Вереницата: „Лелеее, кога ме виде, веднаш рече ТЕ ЗЕМАМ ЗА ЖЕНА и...

Љубовницата: „Отидов во канцеларија, го соблеков капутот и кога ме виде, престана да работи и се нафрли врз мене.“

Домаќинката: „Се облеков во секси црна облека, стојам пред вратата, маж ми ја отвори вратата, ме гледа, и ми вика – БЕТМЕН, ШТО ИМА ЗА ВЕЧЕРА?“

* * *

Брат, ајде една партија шах.

– Не можам, баба ми почина.

– Добре, бе, ќе ти дадам да играш со црните!

## Итар Пејо му вади заб на комшијата




Еден од пејовите комшии го заболел заб. Кај ќе оди да го вади, ако не кај Пејо.

– Знаеш ли Пејо да вадиш заб, го прашал.

– Знам, како да не знам, од тоа полесно што има, само ти седни на столчето и биди мирен.

Столчето беше смрекаво и на средината имало дупка. Седна комшијата, а Пејо се засука да работи. Наостри еден кол и го забоде в земја пред комшијата. Потоа исука еден дебел конец, едниот крај го врза со колот, а другиот со забот, а бидејќи столчето имаше дупка, со една голема игла низ неа го боцна комшијата. Боцнатиот скокна од болката, а забот остана да виси на конецот.

– Уф, мајката, колкав корен имал забот, дури додолу ме заболе, во дебелото месо!

Средба на делегации на ФЗОМ и од СЗПМ

# Договори за соработка



Директорката на ФЗОМ, м–р Маја Парнарџиева Змејкова и нејзиниот тим одржаа прва работна средба годинава со претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Драги Аргировски, со претседателот на Комисијата за здравство во Сојузот, д–р Стојанче Стефаноски и со членот на УО на ФЗОМ од СЗПМ, д–р Илија Глигоров. Тема на разговорот беше утврдување на потребите на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, нивните планови и прецизирање на соработката со Фондот за здравствено осигурување во 2014 година. Претставниците од СЗПМ како посебен интерес за пензионерите го истакнаа прашањето за лековите без доплата кои се на товар на Фондот, прашањата за проектот „Електронска здравствена картичка" и за превенцијата како нов проект на Фондот. Взаемно се утврди дека од голема корист за членовите на Сојузот на здруженијата на пензионерите ќе биде новиот проект со кој ќе се организираат едукативни работилници со едукатори од Фондот под наслов „Фондот за здравствено осигурување на услуга на пензионерите". Овие едукативни работилници ќе се одржуваат на територијата на цела Македонија во текот на 2014 година. Распоредот и форматот на работилниците ќе биде наскоро утврден и усогласен помеѓу Фондот и Сојузот и сите заинтересирани ќе бидат навремено информирани за времето и местото на нивното одржување. За време на средбата се констатира потребата за редовно информирање на пензионерите за сите новини и поволности во здравственото осигурување. Секако дека тоа треба да се остварува и преку гласилата на пензионерите како што се „Пензионер плус", „Пензионерски видици" и „Коха".

И.Г.

Клуб на љубители на книгата во ЗП Солидарност – Аеродром

# „Чекорења низ животот" - најдобро дело спонзорирано од СЗПМ во 2013 година

Книгата „Чекорења низ животот" од новинарот Мендо Димовски, по несекојдневната и интересна промоција во „Веро – Центар" во октомври минатата година, на 28 јануари 2014 година доживеа уште едно импресивно промовирање во Клубот на љубителите на книгата во ЗП Солидарност Аеродром. Пензионерите љубители на пишаниот збор, во присуство на претседателот на СЗПМ, раководството на Здружението и гостите, со посебно внимание ја проследија промоцијата на ова дело, кое беше прогласено за најдобро од спонзорираните дела на СЗПМ во 2013 година. Претседателката на Клубот, **Сашка Игновска** на почетокот го претстави авторот започнувајќи со цитат од негова колумна за вината и вистината, при што истакна некои поинтересни делови од неговата мошне широка и богата биографија. Главниот промотор, познатата поетеса **Лидија Лучко Јеремиќ** со посебен актерски и рецитаторски израз ги воведе слушателите во содржините на книгата. Во свој стил таа интерпретираше некои делови од книгата посебно од делот кој говори за чекорењето на авторот низ неговот живот и на луѓето за кои пишувал. Потткнат од импресивните кажувања претседателот **Драги Аргировски** истакна дека ова прво дело на авторот Мендо Димовски побуди голем интерес кај читателите и како рецензент даде висока оценка за книгата, образложувајќи зошто истата е прогласена за најдобра меѓу поддржаните изданија на конкурсот на СЗПМ во минатата година.



„Оваа пофалба на книгата нека биде нов поттик и предизвик за авторот за нови творби и изданија" – заклучи Аргировски.

За анатомијата и патот на создавање на своето дело со емотивни и ведри искажувања се претстави и самиот автор. Тој зборуваше за поедини делови на книгата, но и за својот живот пат, по кој тргнал како бос и стигнал до определената цел. Тој минувал низ многу премрежија, се борел со проблемите и успешно ги совладувал предизвиците. Попатно ги бележел настаните, ги анализирал случувањата и давал свои мислења за општествените текови. Така всушност се изнедрила и настанала оваа прва негова книга.

Интересно кажување за книгата во вид на позитивен критички осврт имаше и **Борис Шуминовски**, еден од основачите и поактивните членови на Клубот, кој порача на авторот да се зафати со нов проект од некоја друга област. Исто така, посебно внимание привлече и коментарот на **Спасе Стојановски**, долгогодишен колега на авторот, кој рече дека во еден здив ја прочитал книгата и во своето емотивно искажување ги поврзуваше случувањата низ животот со текстовите во книгата, посебно оддавајќи му признание на авторот за умешното вградување и истакнување на значењето на семејството како главна потпора за успех во животот.

Крајот на средбата беше во стилот на ведриот дух на авторот Мендо Димовски, кој преку лотариска игра додели три книги на поспителите, а со помош на Компанијата ТИНЕКС, организираше мини–коктел за сите присутни.

**Илија Глигоров**

# Прилепските пензионерки активни преку целата година



Снежана Димеска е претседател на Активот на пензионерки при ЗП Прилеп, а истовремено втор мандат е претседател на огранокот на пензионери „Гоце Делчев". Кога ќе ја прашате кога е најдобро да се организираат активности во кои ќе учествуваат, покрај жени, и мажи, Димеска ќе ви рече дека време за акции се сите денови односно месеци во годината.

Посебно Активот програмира активности во петок за да можат пензионерките волонтерки да земат поактивно учество, а и подобро да се релаксираат и, се разбира, одморат во деновите потоа. Но, не значи дека во другите денови не се организираат активности.

– Во годината што измина нам од Здружението ни се доделени стотина илјади денари. Со нив реализиравме богата програма и акции на културен план, потоа предавања од разни области пред се за подобрување на здравјето и превенција од болести на пензионерите. По повод значајни датуми во текот на секој месец од минатата година организиравме 12 културнозабавни програми со учество на повеќе активисти од Здружението, но и од други градови. Секако, тука најактивни беа членовите на КУД „Пензионер" и КУД „Пенка Котеска" од ЗП Прилеп. Имавме 23 предавања и организирани многу активности од повеќе области. Така мошне голем интерес предизвика предавањето на тема: „Исхраната на дијабетичарите" што го одржа Виолета Златаноска, а, исто така, и предавањето за депресијата во третото доба што го одржа невролог Моника Самарџиоска. Предавања се одржаа за алергии, инфаркт на срце, за заболувањето на крвните садови и др. Беа посетени штитеници при домот за стари лица, Центарот за дневен престој на деца со посебни потреби „Зуница" а и учениците од основното училиште за хендикепирани деца „Климент Охридски". Посебни акции организиравме сега пред Нова година за оваа категорија штитеници во Домот и Центарот. Овие институции ги посетивме и за Божик, а ќе ги посетиме и за Велигден и за други празници. На старите лица и дечињата од Центарот им подаривме прехрамбени производи, играчки и други подароци. За Нова година нашите активистки (околу 70 волонтерки) подготвија 60–на пакети со производи од храна, облека и хигиенски производи за семејствата на пензионери со пониски пензии. Мошне интересни и на општо задоволство се музичките дружења организирани по повод Стара Нова Година – Василица, кога се врти мазник со паричка, потоа за 8–ми Март, па 20–ти Септември – Денот на пензионерите, 11 Октомври и други значајни празници – додава Димеска, трудејќи се да ни каже за сите активности на Активот и да не заборави некоја.

Не е лажна скромност да се констатира дека прилепскиот Актив на пензионерки е еден од најактивните во Македонија. Во 2013 Активот организираше многу активности, а за оваа 2014 година подготвува уште поботата програма.

**К. Ристески**

# „Сите сме нивни деца"

Последниот ден во јануари 2014–та година, Црвениот крст на Град Скопје, во рамките на програмата „Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови", во големата сала во ДХО „Даре Џамбаз" организираше свечена манифестација за проектната активност на Фондацијата ЕРСТЕ за активно стареење. При тоа беа прогласени добитниците на конкурсот за најдобра аматерска фотографија и најдобар есеј на тема: „Сите сме нивни деца, на актуелната тема, за солидарноста на младите кон старите и обратно, за меѓугенерациската толеранција, почит и разбирање.



Своевиден придонес и поддршка на манифестацијата со своето присуство и учество дадоа претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, хорот „Серенада„ од ЗП Карпош, Музичко–балетскиот училишен центар Илија Николовски – Луј и Клубот на оратори при Правниот факултет во Скопје. Во своето поздравно обраќање претседателот Аргировски искажа задоволство и ја поддржа ваквата активност бидејќи претставува поттик за нови акции и успеси во кои се покажува солидарноста, хуманоста, активното стареење и меѓугенерациската соработка.

**Т. Обрадовиќ**

# Кумановска пивтијада



По повод православниот празник Водици на 19 јануари во Куманово, кај познатиот ресторан Грација се одржа 12 по ред пивтијада во организација на Советот на општината и Мултимедијалниот центар Карпино. Во присуство на над илјада граѓани, од кои поголем број пензионери, средбата ја отвори градоначалникот на општина Куманово Зоран Дамјановски.

Во пригодната програма настапи мандолинскиот оркестара на пензионерското културно–уметничко друштво „Ѓоко Симоновски", поетот пензионер Аго Хаурдиќ и други.

Добитнички на признанието за најдобра подготвена пивтија и пита беа две пензионерки од Куманово. Средбата мина во духот на меѓугенерациска соработка и дружење. Мултимедијалниот центар Карпино на претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Драги Аргировски му додели медала како признание за поддршка на оваа традиционална манифестација.

**С.Л.**

# Камен со душа



Дека уметноста нема граници се покажа на изложбата на интересни експонати одржана на крајот на минатата година изработени од пензионерки Благица Филипчева и Симовска Лидија.

Како големи љубители на природата, тие долго време собираат камчиња различни по големина, форма, состав и боја. Според свои идеи и инспирации тие ги спојуваат камчињата со лепење и лакирање. Така создаваат богат и убав свет од камени скулптури и украси. Направени се убави домашни миленичиња и диви животинки. Уште поубав „каменен свет" е оној во кој има цветови, плодови, композиции од ботанички бавчи и слично. Тие создаваат и мали корисни камени предмети за домаќинство, украси и друго. Внимание привлекуваат и модерно обликуваните стилизирани скулптури со необични форми какви што само авторките можеле да ги замислат и реализираат. Каменчињата се такви какви ги нашле во природата, само се усклaдени по боја и форма.

Изложбата беше збогатена со излагање на Живко Поповски – Цветин и литературно читање на поезија на поетесата Драгица Пандиловска.

Бидејќи сето ова се одвиваше во салата на ОУ К.Пејчиновиќ, во Скопје, меѓу посетители на изложбата имаше и многу ученици со своите наставници, а по затворање на изложбата, секој посетител можеше да си земе по еден експонат давајќи мала доброволна донација наменета за Домот за стари лица во населба Ченто, чија директорка топло им се заблагодари. Ова е добар пример како со малку материјални средства, но голема имагинација и љубов кон природата, може да се направи интересен настан.

**Василка Топаловска**

# Едногласно избрано ново раководство



Неодамна здружението на граѓани инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија – Бутел, одржа собрание на кое едногласно беше усвоен Извештајот за работата во 2013 година, а потоа и Програмата и Финансиският план за 2014 година. Резултатите се добри, а се надеваат дека така ќе биде и во 2014 година, во континуитет.

На седницата по овие важни документи дискутираа повеќето од присутните кои упатија барање до надлежните органи и оваа категорија граѓани да не биде дискриминирана и да се изедначи со сите други пензионери во правото за користење на бесплатен превоз и бесплатно користење на жицницата.

Исто така тие упатија благодарност до министерот Диме Спасов за можноста и тие да можат да користат бањско – климатска рекреација.

На седницата за претседател на здружението едногласно повторно беше избрана Оливера Димовска заради досега покажаните извонредни резултати. За нејзин заменик беше избран Душко Тасевски, а за секретар Ѓена Јованова. Ова раководство ќе раководи со здружението во наредните четири години.

**К. Андонова**

# Новинарски траги во времето

На сите што го создаваат и консумираат весникот „Пензионер плус"
Дојдовме на бродот Умник
Кадешто езерото со времето ромори
Ние во него укотвени
Со збор војуваме
Оставаме траги вековни.
Дојдовме овде
Како созвездие сврзани

Дописници-редакција
Со Пензионер плус поврзани
Фотографии-прилози
Уредени страни на весници.
Дојдовме од краеви разни
Сложни ко семејство едно
На зборот пишан му слугуваме
Со трета доба другуваме
Со електроника војуваме.

Еј,времиња минати
Во езерските бранови запишани
Кога со езерото мудрувавме
Со младоста лудувавме.
И сега,храбро,исправени,
Меѓу чеканот и наковалната стоиме,
А зборот е стрела на бришан простор.

Цвета Спасикова